**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонската берза АД Скопје за 2008 година**

**Скопје, Февруари 2009 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во 2008 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Берзата во 2008 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, преземените активности за промоција на Берзата и едукација на пошироката јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, инвестиционите активности, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2008 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2008 година работењето на Берзата го детерминираа повеќе фактори, кои имаа влијание врз функционирањето на организираниот секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија и врз деловното работење на Берзата. Поголемиот број од факторите и околностите предизвикаа пазарот на хартии од вредност во Република Македонија да биде негативно афектиран од таквите настани, особено во втората половина на 2008 година (ефектите од глобалната финанасиска криза), иако постоеја и фактори и околности со позитивни импликации врз пазарот на хартии од вредност, чиј обем и влијание, сепак, не можеа да ги неутрализираат или позначајно да ги ублажат случувањата кои придонесоа 2008 година за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија да биде окарактеризирана како турбулентна година.

При анализата на 2008 година особено треба да се апострофира влијанието на следните главни фактори и околности кои го креираа и имаа негативни импликации на деловното окружување за работа на Берзата во 2008 година:

- Глобалната финансиска криза, која се случи во 2008 година, многу значајно се рефлектираше врз македонскиот пазар на хартии од вредност. Кризата, која започна како финансиска, за да потоа прерасне во економска криза, и чија генеза потекна од развиените пазари на капитал (САД, а потоа и В. Британија и др. земји) достигна глобални размери и исклучително негативно се одрази на светските пазари на капитал, а соодветно се транспонираше и на македонскиот пазат на хартии од вредност. Ова дотолку повеќе што во изминатите неколку години на македонскиот пазар на хартии од вредност беше забележан прилив на странски институционални инвеститори, кои во услови на соочување со ефектите на глобалната криза во своите матични земји, во борбата за одржување на ликвидноста и солвентноста беа принудени да се воздржат или да го забават инвестирањето на македонскиот пазар на хартии од вредност, што значајно се рефлектираше врз ликвидноста на тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза АД Скопје, особено во втората половина на 2008 година;
- Во глобални размери, прв резултат на глобалната финансиска криза од 2008 година беше нарушената доверба на клиентите (т.н. "криза на доверба") во финансиските, а пред се банкарските системи кои дотогаш се сметаа за најздрави и најцврсти столбови на економијата. Значајните интервенции на владите на

неколку водечки економиии имаа за цел стабилизирање на состојбите, одржување на ликвидноста и спречување на дополнително нарушување на довербата во финансиските институции и системи. Во таа смисла, на глобално ниво владите, односно централните банки на неколку најголеми земји во светот интервенираа со бескаматни заеми и влез во сопственичкото учество на големи финансиски институции, со цел стабилизација на националните економии. Република Македонија не беше толку многу погодена од првиот бран на финансиската криза со оглед на тоа што вложувањата на домашните инвеститори во т.н. "токсични" финансиски инструменти беа незначителни. На нашиот пазар, негативните ефекти се почувствуваа, пред се, од аспект на забавување и/или повлекување на присутните регионални инвеститори, што се надоврза на состојбата на и онака доста прегреана пазарна конјуктура. Дополнително, "Кризата на доверба", неизвесноста од последиците од економската криза, поврзаноста на нашите банки со странските банки и рестриктивната политика на НБРМ предизвикаа банките во Република Македонија, во борбата за поголема ликвидност, да ги зголемат активните каматни стапки на штедните влогови. Ефектот на ваквата мерка врз пазарот на хартии од вредност во Република Македонија беше апсорбирање на значајна маса од слободните парични средства располживи за инвестирање во банкарскиот сектор, што значеше дополнителен удар за ликвидноста на тргувањето со хартии од вредност на Берзата.

- Цената на енергенсите, пред сé на нафтата, на светско ниво во првата половина на годината достигна незапамтен пораст, што доведе до зголемување на производствените трошоци на производите и услугите. Во услови на рапиден и брз раст на цените на нафтата, ова најчесто значеше намалување на добивките на акционерските друштва, што соодветно се вградува во сите економски анализи и проекции за цената на акциите издадени од компаниите што се тргуваа на Берзата.
- Во април 2008 година Република Македонија не го доби посакуваниот статус за земја членка на НАТО Алијансата. Оваа политичка одлука имаше силни импликации врз очекувањата на инвеститорите на Берзата и на нивните деловни одлуки околу инвестирањето во македонски хартии од вредност.
- Како што беше истакнато, со пренесувањето на ефектите од првиот бран на финансиската криза врз стопанствата на економиите во светот, се појавија и првите проблеми, кои потоа ескалираа во светска економска криза. Оваа криза, која по своите диманзии веројатно ја надминува Големата криза од 1929 година, значајно се рефлектираше врз македонската економија, а пред се врз извозно ориентираните фирми. Намалената потрошувачка во светот, како резултат на кризата, имаше и ќе има свој одраз врз работењето и врз проекциите за идниот раст и развој на компаниите, што на пазарот на хартии од вредност се изразува преку цената на тие хартии од вредност. Оттука, во втората половина на 2008 година на Берзата беше евидентно присуството на песимизмот кај инвеститорите (негативен пазарен сентимент).

Деловното окружување за работа на Берзата во 2008 година, исто така, беше и под влијание на следните фактори и околности кои имаа позитивни импликации:

- Зголемена транспарентност во работењето на компаниите котирани на Берзата, како во делот на објавување на информации за финансиското работење на

котираните акционерски друштва, така и во делот на објавување на други ценовно чувствителни информации;
- Функционирање на приватните пензиски фондови во Република Македонија, кои во 2008 година веќе почнаа позабележително да бидат присутни на пазарот на хартии од вредност;
- Официјален почеток со работа на неколку инвестициони фондови во Република Македонија;
- Поволен даночен амбинет;
- Ниска инфлација;
- Стабилен девизен курс;
- Стабилно безбедносно окружување;
- Функционална институционална пазарна инфраструктура.
- Усогласување на легислативата во земјата и на пазарниот амбиент во функција на отпочнатите процеси за интеграција на РМ во Европската Унија;

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### *3.1. Основни карактеристики*

Основни карактеристики на тргувањето во 2008 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2008 година изнесуваше 12.378.962.326 денари (околу 202,06 милиони евра), што е за 70,32 % помалку во споредба со 2007 година;
- Остварениот промет на "класичното" тргување во 2008 година изнесуваше 8.129.581.407 денари[1] (околу 132,70 милиони евра), што е за 73,26% помалку во споредба со 2007 година;
- Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2008 година изнесуваше 6.675.087.769 денари (околу 108,96 милиони евра), што е за 76,86% помалку во споредба со 2007 година;
- Во 2008 година е остварен промет со обврзници од 1.454.493.638 денари (околу 23,75 милиони евра), што е за 6,75% помалку во споредба со 2007 година;
- Во 2008 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од 95.729.496 денари (околу 1,56 милиони евра), што е за 0,62 % помалку во споредба со 2007 година;
- Во 2008 година на Берзата се пријавени 52 блок трансакции во вкупна вредност од 4.153.651.424 денари (околу 67,79 милиони евра), што е за 62,92% помалку во споредба со 2007 година;
- Во структурата на прометот доминираат трансакциите склучени на Официјалниот пазар со 78,35% учество во вкупниот промет на Берзата во 2008 година;
- На крајот на 2008 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на 38 друштва;
- Пазарната капитализација на котираните акции достигна 35,25 милијарди денари (околу 574,19 милиони евра) и бележи пад од 68,94%, додека пазарната

[1] При пресметување на "класичното тргување" на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и пријавените блок трансакции.

капитализација на обврзниците достигна 18,21 милијарди денари (296,63 милиони евра) што претставува опаѓање за 10,32% во споредба со 2007 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2008 и 2007 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2008 година и Јануари-Декември 2007 година, како и структурата на прометот остварен во 2008 година.

| | **Јануари-Декември 2007** | **Јануари-Декември 2008** | **% ПРОМЕНА** |
|---|---|---|---|
| **ПРОМЕТ (денари)** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **30.404.479.894** | **8.129.581.407** | **▼73,26** |
| АКЦИИ | 28.844.638.931 | 6.675.087.769 | ▼76,86 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.559.840.963 | 1.454.493.638 | ▼6,75 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | **123.095.060** | **32.780.570** | **▼73,37** |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | **574** | **175** | **▼69,59** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **11.201.514.029** | **4.153.651.424** | **▼62,92** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **96.326.524** | **95.729.496** | **▼0,62** |
| **ВКУПНО** | **41.702.320.447** | **12.378.962.326** | **▼70,32** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **141.858** | **43.265** | **▼69,50** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **116** | **52** | **▼55,17** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **10** | **36** | **▲260,00** |
| **ВКУПНО** | **141.984** | **43.353** | **▼69,47** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **288.765.400.791** | **106.290.316.076** | **▼63,19** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 113.499.105.893 | 35.254.828.180 | ▼68,94 |
| ПАЗАР НА ЈАВНО ПОСЕДУВАНИ ДРУШТВА | 175.266.294.898 | 71.035.487.895 | ▼59,47 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **20.309.065.558** | **18.212.904.677** | **▼10,32** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **309.074.466.349** | **124.503.220.753** | **▼59,72** |
| **МБИ-10** | **7.740,79** | **2.096,16** | **▼72,92** |
| **МБИД** | **8.413,56** | **2.213,89** | **▼73,69** |
| **ОМБ** | **105,58** | **107,60** | **▲1,91** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **38** | **38** | **-** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **247** | **248** | **▲0,40** |

**Структура на прометот во периодот Јануари- Декември 2008 год.**

| **Пазарен сегмент** | **Промет во денари** | **Промет во ЕВРА** | **%** | **Број на транс.** |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **6.884.040.434** | **112.377.034** | **55,61** | **33.966** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | **1.245.540.973** | **20.327.528** | **10,06** | **9.299** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **4.153.651.424** | **67.791.488** | **33,55** | **52** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **95.729.496** | **1.561.147** | **0,77** | **36** |
| **ВКУПНО** | **12.378.962.326** | **202.057.196** | **100,00** | **43.353** |




Со цел споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2008, во продолжение се презентира табеларен приказ на збирните берзански податоци за прометот од тргување со хартии од вредност по години:

**Вкупниот промет по години**

| Година | Вкупен промет во денари |
|---|---|
| 1996 | 34.798.439 |
| 1997 | 1.101.987.155 |
| 1998 | 4.764.168.265 |
| 1999 | 1.552.771.067 |
| 2000 | 7.780.523.403 |
| 2001 | 28.800.111.754 |
| 2002 | 5.743.416.482 |
| 2003 | 7.559.802.195 |
| 2004 | 8.315.853.226 |
| 2005 | 8.889.567.513 |
| 2006 | 31.017.933.488 |
| 2007 | 41.702.320.447 |
| 2008 | 12.378.962.326 |

## *3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци*

Во текот на 2008 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од 8.129.581.407 денари (околу 132,70 милиони евра).

Во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на "класичното" тргување на Берзата во 2008 година, по месеци и квартали.

## Промет од „класичното” тргување по месеци во 2008 година




| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | Обврзници | | | | |
| Јануари | 529.656.412 | 45.161.102 | 93.761.224 | 76.992.960 | 745.571.698 | 12.151.247 | 3.942 | 21 |
| Февруари | 679.269.967 | 38.555.464 | 171.919.164 | 1.882.320 | 891.626.915 | 14.537.759 | 4.826 | 21 |
| Март | 788.882.307 | 59.724.482 | 163.675.327 | 0 | 1.012.282.116 | 16.537.942 | 5.019 | 20 |
| **Вкуп. I квартал** | **1.997.808.686** | **143.441.047** | **429.355.715** | **78.875.280** | **2.649.480.728** | **43.226.947** | **13.787** | **62** |
| Април | 591.031.540 | 75.065.153 | 99.482.765 | 0 | 765.579.458 | 12.478.477 | 4.312 | 20 |
| Мај | 322.199.499 | 59.386.560 | 82.405.438 | 0 | 463.991.497 | 7.579.263 | 3.022 | 21 |
| Јуни | 440.412.867 | 75.297.434 | 75.740.287 | 0 | 591.450.588 | 9.668.471 | 3.115 | 20 |
| **Вкуп. II квартал** | **1.353.643.906** | **209.749.147** | **257.628.490** | **0** | **1.821.021.543** | **29.726.211** | **10.449** | **61** |
| Јули | 434.341.144 | 35.350.394 | 96.499.074 | 0 | 566.190.612 | 9.253.807 | 3.188 | 23 |
| Август | 191.654.105 | 27.932.167 | 54.896.205 | 9.780.000 | 284.262.477 | 4.646.503 | 1.818 | 20 |
| Септември | 430.088.155 | 179.976.417 | 112.153.165 | 0 | 722.217.737 | 11.806.840 | 3.999 | 20 |
| **Вкуп. III квартал** | **1.056.083.404** | **243.258.978** | **263.548.444** | **9.780.000** | **1.572.670.826** | **25.707.151** | **9.005** | **63** |
| Октомври | 624.223.645 | 494.268.327 | 42.540.723 | 0 | 1.161.032.695 | 18.973.755 | 5.162 | 22 |
| Ноември | 279.919.410 | 91.409.062 | 97.169.295 | 9.000.000 | 477.497.767 | 7.775.591 | 2.782 | 19 |
| Декември | 215.523.025 | 174.711.796 | 57.643.026 | 0 | 447.877.847 | 7.294.907 | 2.080 | 21 |
| **Вкуп. IV квартал** | **1.119.666.080** | **760.389.185** | **197.353.044** | **9.000.000** | **2.086.408.309** | **34.044.253** | **10.024** | **62** |
| **ВКУПНО** | **5.527.202.076** | **1.356.838.358** | **1.147.885.693** | **97.655.280** | **8.129.581.407** | **132.704.562** | **43.265** | **248** |

## *3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти*

Прометот од класичното тргување на Официјалниот пазар на Берзата во 2008 година (6.884 милиони денари) е остварен преку 33.966 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 84,68%. Од тоа, 5.527 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (80,29%) при што се склучени 29.857 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 1.357 милиони денари (19,71%) и истиот е остварен преку 4.109 трансакции.

Остварениот промет од класичното тргување на Редовниот пазар на Берзата (1.245 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2008 година со 15,32% и 9.299 трансакции. Од тоа, 811 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на пазарот на јавно поседувани друштва (65,09%) и овој промет е остварен преку 8.564 трансакции, додека на слободниот пазар се остварени 435 милиони денари (34,91%) преку 735 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2008 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2008 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **5.527.202.076** | **90.222.330** | **80,29** | **29.857** |
| обични | 5.522.631.472 | 90.147.701 | 99,92 | 29.827 |
| приоритетни | 4.570.604 | 74.629 | 0,08 | 30 |
| ***Обврзници*** | **1.356.838.358** | **22.154.704** | **19,71** | **4.109** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **6.884.040.434** | **112.377.034** | **84,68** | **33.966** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **1.147.885.693** | **18.735.811** | **92,16** | **9.290** |
| ***Пазар на јавно поседувани друштва*** | **810.728.197** | **13.233.882** | **70,63** | **8.564** |
| обични | 799.062.662 | 13.043.356 | 98,56 | 8.395 |
| приоритетни | 11.665.535 | 190.526 | 1,44 | 169 |
| ***Слободен пазар*** | **337.157.496** | **5.501.929** | **29,37** | **726** |
| обични | 337.157.496 | 5.501.929 | 100,00 | 726 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | **97.655.280** | **1.591.717** | **7,84** | **9** |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **1.245.540.973** | **20.327.528** | **15,32** | **9.299** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **8.129.581.407** | **132.704.562** | **100,00** | **43.265** |







## *3.4. Блок трансакции*

Во текот на 2008 година на Берзата беа пријавени 52 блок трансакции во вкупна вредност од 4.153.651.424 денари (околу 68 милиони ЕВРА), при што беа истргувани вкупно 606.129 акции. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаше продажбата на 29.449 акции на Извозно и Кредитна банка АД Скопје, во вредност од 1.437.469.253 денари, реализиран преку 6 блок трансакции како и прометот во вредност од 1.178.666.846 денари остварен преку една блок трансакција со акциите на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Вредноста на блок трансакциите во 2008 година е за 62,92 % помала од вредноста на блок трансакциите остварена во 2007 година. Обемот на истргувани акции во 2007 година изнесува 606.129, што е за 88,25% помалку во споредба со 2007 година кога беа реализирани вкупно 5.158.166 акции. Бројот на пријавени блок трансакции во 2008 е за 55,17% помал во споредба со 2007 година, кога беа пријавени вкупно 116 блокови.

На Официјалниот пазар на Берзата се реализирани 27 блок трансакции во вкупна вредност од 877,78 милиони денари (14,33 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 25 блок трансакции во вкупна вредност од 3,27 милијарди денари (53,46 милиони ЕВРА).

Во продолжение го презентираме прегледот на пријавените блок трансакции по месеци во 2008 година.

| Месец | ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | РЕДОВЕН ПАЗАР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. |
| Јануари | 22.323.200 | 364.671 | 3 | 31.849.311 | 519.098 | 2 | 54.172.511 | 883.769 | 5 |
| Февруари | 0 | 0 | 0 | 451.866.940 | 7.369.743 | 2 | 451.866.940 | 7.369.743 | 2 |
| Март | 10.420.000 | 170.250 | 2 | 0 | 0 | 0 | 10.420.000 | 170.250 | 2 |
| Април | 249.773.050 | 4.069.368 | 2 | 49.735.771 | 810.715 | 4,00 | 299.508.821 | 4.880.083 | 6 |
| Мај | 47.369.920 | 773.792 | 3,00 | 39.540.880 | 646.202 | 2,00 | 86.910.800 | 1.419.994 | 5 |
| Јуни | 180.998.800 | 2.958.572 | 3,00 | 32.878.800 | 537.460 | 2 | 213.877.600 | 3.496.032 | 5 |
| Јули | 220.326.878 | 3.600.916 | 10,00 | 45.300.652 | 740.399 | 1 | 265.627.530 | 4.341.315 | 11 |
| Август | 49.200.000 | 803.978 | 1 | 1.409.591.933 | 23.045.992 | 5,00 | 1.458.791.933 | 23.849.970 | 6 |
| Септември | 0 | 0 | 0 | 10.067.400 | 164.574 | 1 | 10.067.400 | 164.574 | 1 |
| Октомври | 81.200.500 | 1.327.367 | 1 | 0 | 0 | 0 | 81.200.500 | 1.327.367 | 1 |
| Ноември | 0 | 0 | 0 | 5.035.720 | 81.998 | 1 | 5.035.720 | 81.998 | 1 |
| Декември | 16.165.960 | 263.256 | 2 | 1.200.005.709 | 19.543.138 | 5 | 1.216.171.669 | 19.806.393 | 7 |
| **ВКУПНО** | **877.778.308** | **14.332.170** | **27** | **3.275.873.116** | **53.459.318** | **25** | **4.153.651.424** | **67.791.488** | **52** |

## *3.5. Јавни берзански аукции*

Во текот на 2008 година на Берзата се одржаа вкупно 5 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ.
На одржаните јавни берзански аукции во 2008 година беа склучени вкупно 36 трансакции и беше остварен промет од 95.729.496 денари. При тоа:

- Преку 4 трансакции беа истргувани обични акции на 4 акционерски друштва при што беше остварен промет од 7.641.454 денари;
- Преку 5 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 5 акционерски друштва при што беше остварен промет од 36.581.900 денари;
- Беа истргувани уделите во 27 друштва и остварен промет 51.506.142 денари.

## *3.6 Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет*

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а кој се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, во продолжение е презентирана табела за нивното учество во вкупниот промет по месеци во 2008 година.

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Продажба домашни физички | 37,28% | 37,49% | 33,06% | 31,24% | 46,70% | 49,13% | 27,91% | 11,24% | 50,48% | 25,55% | 50,29% | 27,14% |
| Продажба домашни правни | 21,67% | 34,81% | 15,87% | 15,27% | 18,92% | 17,93% | 18,78% | 70,60% | 11,44% | 5,84% | 24,13% | 51,26% |
| **ВКУПНО** | **58,95%** | **72,30%** | **48,93%** | **46,51%** | **65,62%** | **67,06%** | **46,69%** | **81,84%** | **61,92%** | **31,39%** | **74,42%** | **78,40%** |
| Продажба странски физички | 5,45% | 5,27% | 9,52% | 6,84% | 1,93% | 3,39% | 7,03% | 0,37% | 9,49% | 11,57% | 8,67% | 3,84% |
| Продажба странски правни | 35,60% | 22,43% | 41,55% | 46,65% | 32,45% | 29,55% | 46,28% | 17,79% | 28,59% | 57,04% | 16,92% | 17,76% |
| **ВКУПНО** | **41,05%** | **27,70%** | **51,07%** | **53,49%** | **34,38%** | **32,94%** | **53,31%** | **18,16%** | **38,08%** | **68,61%** | **25,59%** | **21,60%** |
| Купување домашни физички | 38,95% | 31,07% | 47,38% | 34,44% | 42,27% | 22,57% | 35,19% | 6,51% | 33,81% | 39,09% | 44,18% | 36,58% |
| Купување домашни правни | 33,08% | 18,08% | 32,53% | 29,62% | 26,01% | 34,68% | 21,33% | 6,69% | 40,88% | 53,62% | 34,70% | 51,35% |
| **ВКУПНО** | **72,03%** | **49,15%** | **79,91%** | **64,06%** | **68,28%** | **57,25%** | **56,52%** | **13,20%** | **74,69%** | **92,71%** | **78,88%** | **87,93%** |
| Купување странски физички | 12,19% | 6,21% | 2,25% | 2,73% | 4,16% | 6,76% | 6,03% | 1,02% | 4,22% | 2,01% | 3,72% | 1,27% |
| Купување странски правни | 15,79% | 44,64% | 17,84% | 33,21% | 27,56% | 35,99% | 37,45% | 85,78% | 21,09% | 5,28% | 17,40% | 10,80% |
| **ВКУПНО** | **27,98%** | **50,85%** | **20,09%** | **35,94%** | **31,72%** | **42,75%** | **43,48%** | **86,80%** | **25,31%** | **7,29%** | **21,12%** | **12,07%** |

*Пресметката на процентот во Декември 2008 е без блок трансакцијата со акциите на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Од вкупниот промет остварен на Берзата во 2008 година, 4.356.035.283 Денари (71.062.309 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори, додека 4.415.817.800 Денари (72.046.934 Евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар.

## *3.7. Индекси на Македонската берза АД Скопје*

### *3.7.1. Македонски Берзански Индекс - МБИ 10*

На последниот ден на тргување во 2008 година (30.12.2008 година) вредноста на МБИ 10 изнесуваше 2.096,16 индексни поени, што претставува намалување од 72,92% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007 година), кога МБИ 10 изнесуваше 7.740,79 индексни поени.

Највисока вредност на МБИ 10 во 2008 година беше постигната на 08.01.2008 година (7.709,24 индексни поени), додека најниска вредност на индексот во 2008 година е постигната на 29.12.2008 година (2.037,26 индексни поени).



На 16.06.2008 година и 15.12.2008 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на МБИ 10.

Согласно Методологијата за пресметување на Македонски берзански индекс МБИ 10, после двете редовни ревизии елементи на МБИ10 се обичните акции издадени од: Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макстил АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Бетон АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Охридска банка АД Охрид.

### *3.7.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

На последниот ден на тргување во 2008 година (30.12.2008 година) вредноста на МБИД изнесуваше 2.213,89 индексни поени, што претставува намалување од 73,69% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007 година), кога МБИД изнесуваше 8.413,56 индексни поени.

Највисока вредност на МБИД во 2008 година беше постигната на 02.01.2008 година (8.393,82 индексни поени), додека најниска вредност на индексот во 2008 година е постигната на 25.12.2008 година (2.189,02 индексни поени).




Во текот на 2008 година беа извршени четири редовни и една вонредна ревизија на индексот МБИД.

На 31.12.2008 година елементи на МБИД се обичните акции издадени од следните акционерски друштва: Фабрика за цевки 11 Октомври АД Куманово, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје, Кјуби Македонија АД Скопје, Тутунска банка АД Скопје, ОКТА АД Скопје, ПОЛИ МЗТ АД Скопје, Попова Кула АД Демир Капија. Единаесетте избрани акции-елементи на МБИД сочинуваат над 57% од вкупниот промет на Пазарот на јавно поседувани друштва.

### *3.7.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

На последниот ден на тргување во 2008 година (30.12.2008 година) вредноста на ОМБ изнесуваше 107,60 индексни поени, што претставува зголемување од 1,91% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007 година), кога ОМБ изнесуваше 105,58 индексни поени.

Највисока вредност на ОМБ во 2008 година беше постигната на 05.06.2008 година (108,49 индексни поени), додека најниска вредност на индексот во 2008 година е постигната на 21.10.2008 година (103,69 индексни поени).




Согласно Методологијата за пресметување на Индексот на обврзници на Македонската Берза ОМБ, Комисијата за берзански индекс на 15.01.2008 година, 15.04.2008 година, 15.07.2008 година и 15.10.2008 година изврши редовни ревизии на Индексот на обврзници ОМБ.

На 31.12.2008 година елементи на ОМБ се: Обврзниците за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови (РМ 01), Обврзниците за денационализација -Прва емисија (РМДЕН 01), Обврзниците за денационализација -Втора емисија (РМДЕН 02), Обврзниците за денационализација - Трета емисија (РМДЕН 03), Обврзниците за денационализација -Четврта емисија (РМДЕН 04), Обврзниците за денационализација -Петта емисија (РМДЕН 05), Обврзниците за денационализација -Шеста емисија (РМДЕН 06) и Обврзниците за денационализација -Седма емисија (РМДЕН 07). Согласно Методологијата, според учеството на секоја обврзница-елемент на индексот во вкупното тргување со обврзници во периодот помеѓу две ревизии, Комисијата го утврди влијанието на секој елемент на ОМБ врз движењето на индексот, при што влијанието на ниту еден елемент не смее да надминува 30%.

## *3.8. Структура на прометот по членки*

Остварениот берзански промет во 2008 година е реализиран преку активностите на вкупно 29 членки на Берзата.

Најголемо учество во вкупниот промет изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална Банка АД Скопје со учество од 26,41%. На второ и трето место се НЛБ Тутунска брокер АД Скопје и ИНОВО БРОКЕР АД Скопје со учество од 20,92% и 8,12%.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2008 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со државните хартии од вредност каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во 2008 година**

| Членка | Членка | Класично тргување | % | Блокови | % | Држава | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | КБ | 3.020.031.254 | 18,57 | 3.483.490.150 | 41,93 | 10.195.207 | 10,65 | 6.513.716.611 |
| НЛБ Тутунска брокер АД Скопје | ТН | 2.795.767.427 | 17,20 | 2.357.333.692 | 28,38 | 5.756.541 | 6,01 | 5.158.857.660 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | ИН | 1.460.700.863 | 8,98 | 541.248.312 | 6,52 | 134.000 | 0,14 | 2.002.083.175 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | ИЛ | 1.254.676.374 | 7,72 | 188.467.920 | 2,27 | 38.753.244 | 40,48 | 1.481.897.538 |
| АУКТОР БРОКЕРИ АД СКОПЈЕ | АК | 1.068.953.880 | 6,57 | 189.384.928 | 2,28 | 796.100 | 0,83 | 1.259.134.908 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | ФР | 459.730.486 | 2,83 | 728.632.604 | 8,77 | 295.600 | 0,31 | 1.188.658.690 |
| Публикум АД Скопје | ПБ | 725.438.649 | 4,46 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 725.438.649 |
| Универзална Инвестициона Банка АД Скопје | БЛ | 128.664.522 | 0,79 | 577.839.360 | 6,96 | 89.400 | 0,09 | 706.593.282 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | АВ | 583.104.755 | 3,59 | 0 | 0,00 | 1.364.434 | 1,43 | 584.469.189 |
| ВИП АД Скопје | ВП | 567.626.514 | 3,49 | 10.580.000 | 0,13 | 0 | 0,00 | 578.206.514 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | ЕУ | 540.641.141 | 3,33 | 0 | 0,00 | 3.372.721 | 3,52 | 544.013.862 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | МИ | 439.445.512 | 2,70 | 72.224.360 | 0,87 | 5.419.890 | 5,66 | 517.089.762 |
| Бро-Дил АД Скопје | БД | 442.536.219 | 2,72 | 47.978.622 | 0,58 | 6.327.380 | 6,61 | 496.842.222 |
| ТТК Банка Скопје | ТК | 451.136.097 | 2,77 | 20.001.760 | 0,24 | 21.195.000 | 22,14 | 492.332.857 |
| Охридска Банка АД Охрид | ОХ | 399.603.986 | 2,46 | 20.134.800 | 0,24 | 0 | 0,00 | 419.738.786 |
| Стопанска Банка АД Скопје | СБ | 261.913.080 | 1,61 | 29.540.000 | 0,36 | 1.917.240 | 2,00 | 293.370.320 |
| Пеон Брокер АД Скопје | ПЕ | 279.258.047 | 1,72 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 279.258.047 |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | ББ | 253.829.934 | 1,56 | 0 | 0,00 | 112.739 | 0,12 | 253.942.673 |
| Поштел Брокер АД Скопје | ПТ | 248.312.897 | 1,53 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 248.312.897 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | СЛ | 176.556.528 | 1,09 | 10.260.000 | 0,12 | 0 | 0,00 | 186.816.528 |
| КБЦ СЕКЈУРИТИС АД Скопје | СЗ | 136.341.240 | 0,84 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 136.341.240 |
| ДЕЛТА БРОКЕР АД Скопје | ДЛ | 129.627.053 | 0,80 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 129.627.053 |
| Мој Брокер АД Скопје | МО | 106.092.276 | 0,65 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 106.092.276 |
| Еурохаус АД Скопје | ЕХ | 103.057.216 | 0,63 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 103.057.216 |
| Бета Брокер АД Скопје | БЕ | 61.012.303 | 0,38 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 61.012.303 |
| Динев Брокер АД Скопје | ДН | 56.360.238 | 0,35 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 56.360.238 |
| Идеја Плус Брокер АД Радовиш | ИП | 23.837.331 | 0,15 | 30.186.340 | 0,36 | 0 | 0,00 | 54.023.671 |
| НОВИ ТРИГЛАВ АД Скопје | НТ | 46.106.935 | 0,28 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 46.106.935 |
| СТАТЕР БАНКА АД Куманово | СТ | 38.800.059 | 0,24 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 38.800.059 |
| **Вкупно** | | **16.259.162.813** | **100** | **8.307.302.848** | **100** | **95.729.496** | **100** | **24.662.195.157** |

### *3.9. Други активности поврзани со тргувањето*

1) Земајќи ги предвид актуелните случувања на македонскиот пазар на хартии од вредност како последица од кризата која ги зафати глобалните финансиски пазари, во четвртиот квартал од 2008 година Берзата засилено ги следеше случувањата во тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза. Исто така, активно се следеа и случувањата на регионалните и на светските пазари на хартии од вредност и мерките што беа преземани за справување со ефектите од турбуленциите предизвикани од глобалната финанскиска криза. Беше остварена и комуникација со берзите во регионот околу споделување на заеднички согледувања, имајќи ја предвид поврзаноста на инвеститорите на овие пазари. Врз основа на анализите од условите и случувањата на домашниот пазар на хартии од вредност и имајќи ги предвид искуствата и преземените активности на други берзи, Берзата на неколку наврати носеше одлуки во врска со ценовните ограничувања на хартиите од вредност (времено намалување на ценовните ограничувања во случаите на нагласени ценовни осцилации).
2) Од 30.10.2008 година времето на тргување на Македонската берза беше продолжено за еден час, до 13:00 часот. Со оваа промена со хартиите од вредност кои се тргуваа во режим на континуирано тргување се склучуваа трансакции од 10:00 до 13:00 часот, додека кај хартиите од вредност кои се тргуваа во режим на фиксинг беа воведени уште два круга на фиксинг и тоа: од 12:00 часот до 12:30 часот и од 12:30 часот до 13:00 часот.
3) Во 2008 година беа одржани неколку состаноци на Работната група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Македонска Берза АД Скопје каде што се дискутираше за повеќе актуелни прашања поврзани со можностите за измена, односно надградби на Правилата за тргување и системот за тргување на Берзата.

## 4. КОТАЦИЈА

### 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот на 2008 година на официјалниот пазар на Берзата беа котирани акциите на 38 акционерски друштва, со пазарна капитализација од 113,5 милијарди денари, како и 16 државни обврзници со пазарна капитализација од 20,3 милијарди денари.

На крајот од 2008 година бројот на котирани друштва на официјалниот пазар на Берзата изнесува 38, со пазарна капитализација од 35,3 милијарди денари, што претставува намалување од 68,94%. На крајот од 2008 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 18, со пазарна капитализација од 18,2 милијарди денари, што претставува намалување за 10,32%, при што треба да се имаат во предвид достасаните ануитети за обврзниците.

### 4.2. Нови котации

Во текот на 2008 година беа котирани следните хартии од вредност:

- 21.04.2008 година: Континуираната државна обврзница бр.1 во 2008 издадена од Република Македонија.
- 21.07.2008 година: Континуирана државна обврзница бр.2 во 2008 година, издадена од Република Македонија.
- 21.07.2008 година: Континуирана државна обврзница бр.3 во 2008 година издадена од Република Македонија.
- 26.08.2008 година: Седма емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија.

### 4.3. Исклучувања од котација

Во текот на 2008 година беа исклучени од котација следните хартии од вредност:

- 03.05.2008 година: Континуираната државна обврзница бр.1 во 2006 година издадена од Република Македонија, поради достасување.
- 30.10.2008 година: Континуираната државна обврзница бр.2 во 2006 година издадена од Република Македонија, поради достасување.

### 4.4. Активности во врска со одредени котирани друштва

#### *4.4.1. Објавување на ценовно чувствителни информации*

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2008 година објавија вкупно 217 информации поврзани со објавени повици за свикување на собрание на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 158 други ценовно чувствителни информации. Од котираните друштва, во однос на објавувањето на ценовно чувствителни информации, седум друштва немаат објавено ниту една информација.

#### *4.4.2 Објавување на финансиските извештаи*

На 10.03.2008 година Одборот на директори на Македонската берза донесе Одлука за измени и дополнување на Правилата за котација, со што се воведе обврска и за котираните друштва на подсегментот Берзанска котација да ги објавуваат целосните ревидирани финансиски извештаи, вклучувајќи ги и белешките кон ревидираните финансиски извештаи, обврска која дотогаш ја има друштвата котирани на подсегментот Супер котација. Оваа Одлука стапи на сила на 18.03.2008 година.

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2008 година сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на целосните ревидираните годишни финансиски извештаи за 2007 година во законски предвидениот рок.

Во поглед на обврската за објавување на периодични биланси на успех согласно Правилата за котација, сите друштва во предвидениот рок ги објавија неревидираните биланси на успех преку 158 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

*4.4.3. Прекини на тргување*

Согласно Правилата за котација, на 01.04.2008 година, Берзата изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од Реплек АД Скопје заради необјавување на содржината на одлуките донесени на собрание на акционери првиот следен ден на тргување после денот на нивното донесување.

Берзата на 21.04.2008 година, изврши времено прекинување на тргувањето со акциите издадени од Хотели-Метропол АД Охрид заради објавување на донесени одлуки од Собранието на акционери на друштвото кое се одржало на ден 18.04.2008 година. Берзата времено го прекина тргувањето со акциите издадени од Хотели-Метропол АД Охрид затоа што друштвото претходно немаше објавено јавен повик за собрание на акционери преку СЕИ-НЕТ.

На 08.05.2008 година, Берзата изврши времено прекинување на тргувањето со акциите издадени од Димко Митрев АД Велес заради објавување на донесени одлуки од Собранието на акционери на друштвото кое се одржало на ден 06.05.2008 година. Берзата времено го прекина тргувањето со акциите издадени од Димко Митрев АД Велес затоа што друштвото претходно немаше објавено јавен повик за собрание на акционери преку СЕИ-НЕТ.

*4.4.4. Изречени мерки против котирани друштва*

На седницата одржана на 25.01.2008 година Одборот на директори на Македонската берза донесе одлука за изрекување на мерката јавна опомена на котираното друштво РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје заради неисполнување на одредбите од точка 6.09. подточка 5 од Правилата за котација со која котираните друштва се обврзани да објават јавен повик за одржување на Собрание на акционери и преку интернет апликацијата за известување од страна на котираните друштва СЕИ-НЕТ.

Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 25.01.2008 година одлучи на Маврово АДГ Скопје да му го врати статусот на котирано друштво, со што Маврово АДГ Скопје повторно продолжи да ги има сите обврски согласно Правилата за котација. Согласно Правилата за котација, во периодот додека траеше времената суспензија од котација, друштвото немаше обврски за известување согласно Правилата за котација и не објавуваше ценовно чувствителни информации преку СЕИ-Нет. Веднаш по повторното враќање на статусот котирано друштво, согласно Правилата за котаця и по барање на Берзата, Маврово АДГ Скопје преку СЕИ-НЕТ објави две известувања за настанати ситуации во друштвото за време на привремената суспензија од котација.

На седницата одржана на ден 15.05.2008 година, Одборот на директори на Берзата донесе две одлуки за изрекување на мерката опомена на котираните друштва согласно правило 9.02 точка (1) подточка а) од Правилата за котација. Против друштвата Хотели Метропол АД Охрид и Димко Митрев АД Велес, Безрата изрече мерка Опомена

заради необјавување на јавен повик за одржување на Собрание на акционери преку СЕИ-НЕТ.

На седницата одржана на ден 09.12.2008 година, Одборот на директори на Берзата ја разгледа и расправаше по Информацијата во врска со состојбата со котираното друштво Бетон АД Скопје, во која беа содржани податоци во врска со исполнувањето на обврските за известување на Бетон АД Скопје кои произлегуваат од Правилата за котација на Македонската берза, а особено во делот на исполнувањето на обврските од точка 6.08 од Правилата за котација - Специфични обврски за известување на издавачите кои се наоѓаат на Супер котација. Со цел заштита на интересите на инвеститорите, како и на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, Одборот на директори одлучи да ги префрли котираните акции на Бетон АД Скопје од подсегментот Супер котација на пазарниот подсегмент Берзанска котација на Официјалниот пазар на берзата согласно точка 4.04 став 2 од Правилата за котација. Оваа одлука беше донесена имајки го предвид степенот во кој Бетон АД Скопје ги исполнуваше обврските за известување кои што се карактеристични за друштвата котирани на подсегментот Супер котација, согласно точка 6.08. од Правилата за котација и тоа: објавување на предлог-одлуки за собрание на акционери, објавување на Годишен извештај за работењето на друштвото, усвојување и објавување на Извештај за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза, како и известување на македонски и на англиски јазик, а и поради ненавремено објавување на донесена одлука за зголемување на основната главнина на друштвото по пат на приватна понуда на акции од втората емисија на обични акции.

### *4.4.5 Специфични ситуации со котирани друштва*

Во периодот од 07.04.2008 до 29.04.2008 година се одвиваше процесот на превземање на котираното друштво Маврово АДГ Скопје од страна на Ингра д.д. Загреб, Република Хрватска. По завршувањето на процесот на преземање на друштвото, стратешкиот инвеститор поседуваше 79,01% од акциите со право на глас во Маврово АДГ Скопје.

Во периодот од август 2007 година до мај 2008 година се одвиваше процесот на преземање и докапитализација на котираното друштво Комерцијално инвестициона банка АД Куманово од страна на стратешкиот партнер Milestone ehf. Reykjavik, Iceland. По завршувањето на процесот на преземање и докапитализација, Milestone ehf. Reykjavik, Iceland во КИБ АД Куманово поседуваше 90,98% од обичните акции на друштвото и при тоа банката имаше распространетост на родот обични акции во јавноста од 9,02% и вкупно 213 акционери. На седницата одржана на ден 15.05.2008 година, Одборот на директори на Берзата ја разгледа состојбата со котираното друштво Комерцијално инвестициона банка АД Куманово и констатира дека котираното друштво КИБ АД Куманово не исполнува еден од квантитативните критериуми за котирање на официјалниот пазар на Берзата (да има најмалку 15% распространетост на родот акции во посед на јавноста), но при тоа го зеде во предвид фактот дека процентот на распространетост на обичните акции на котираното друштво во јавноста е сеуште релативно висок и при тоа одлучи да постапи согласно точка 2.06 став 1 од Правилата за котација на Берзата и да го задржи друштвото КИБ АД Куманово на котација на официјалниот пазар на Берзата бидејќи пазарните карактеристики на издавачот тоа го овозможуваат.

Во периодот од мај 2008 година до септември 2008 година се одвиваше процесот на преземање на котираното друштво Инвестбанка АД Скопје од страна на стратешкиот партнер Steiermärkische Bank und Sparkassen AG, Грац, Република Австрија. На 25.09.2008 година, по завршувањето на процесот на преземање на Инвестбанка АД Скопје, Steiermärkische Bank und Sparkassen AG Грац поседуваше 96,0485% од обичните акции на банката и при тоа друштвото имаше распространетост на родот обични акции во јавноста од 3,9515% и вкупно 156 акционери. На седницата одржана на ден 02.10.2008 година, Одборот на директори на Берзата ја разгледа состојбата со котираното друштво Инвестбанка АД Скопје и при тоа донесе одлука друштвото да го задржи на котација до крајот на 2008 година, по што ќе се преоценува прашањето за понатамошната котација на акциите издадени од Инвестбанка АД Скопје на Официјалниот пазар на Берзата.

### *4.4.6 Специфични ситуации со прием на хартии од вредност на Слободниот пазар*

Почнувајќи од 09.07.2008 година, членка на Берзата на два пати достави до Македонската берза „Барање за прием на хартии од вредност во БЕСТ" издадени од Командитното Друштво со акции на Слободниот пазар на Берзата, кои Одборот на директори на Македонска берза ги одби заради заштита на интегритетот на пазарот и потенцијалните инвеститори, и во очекување на одговор од Комисијата за хартии од вредност за тоа дали акциите издадени од КДА претставуваат хартии од вредност со кои што може да се тргуваат на Македонската берза. На ден 21.08.2008 година беше доставена жалба од членката на одлуката на Берзата за одбивање на барањето за прием на обичните акции издадени од КДА во БЕСТ системот и нивно тргување на Слободниот пазар на Берзата, која Одборот на директори ја одби. На 25.09.2008 година, членката упати жалба до Комисијата за хартии од вредност на Одлуката на Берзата за одбивање на Барањето, која Комисијата на 30.10.2008 година ја отфли како недопуштена. На 20.11.2008 година Берзата повторно со писмо се обрати до Комисијата за хартии од вредност за заземање на став или давање на упатство за тоа дали акциите издадени од командитните друштва со акции се хартии од вредност со кои може да се тргува на овластена берза. На 09.12.2008 година Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје ја разгледа аргументацијата на членката, релевантните законски прописи со коишто се регулира работењето со хартии од вредност и заклучи акциите издадени од предметното КДА да бидат примени за тргување на Слободниот пазар на Берзата почнувајќи од ден 22.12.2008 година, со истовремено преземање на потребните дејствија за соодветно информирање на членките и јавноста за специфичните својства на акциите на комплементарите и на командиторите во командитното друштва со акции, како и Комисијата за хартии од вредност, во насока на заштита на интегритетот на пазарот на хартии од вредност. Сепак, акциите издадени од предметното КДА не беа примени за тргување на Берзата, имајки предвид дека Комисијата за хартии од вредност на ден 19.12.2008 година изнесе став дека акциите на предметното КДА не можат да бидат предмет на тргување на Македонската берза на хартии од вредност.

## 5. ЧЛЕНСТВО

### 5.1. Членки на Берзата

Во текот на 2008 година бројот на овластени учесници, членки на Македонска берза АД Скопје, се зголеми за седум нови членки, додека на две членки трајно им престана членството во Берзата. На крајот од 2008 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 27, од кои 7 се банки, а 20 се брокерски куќи.

Во 2008 година состојбата со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| **Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Број на членки на Берзата на почеток на 2008 година | | | **22** | |
| | | | | |
| Прием на нови членки | *Назив* | *Датум на прием во членство* | *Датум на почеток на користење на правата од членство* | *шифра за тргување* |
| | Брокерска куќа Пеон Брокер АД Скопје | 24.03.2008 | 08.04.2008 | ПЕ |
| | Брокерска куќа Мој Брокер АД Скопје | 24.03.2008 | 08.04.2008 | МО |
| | Брокерска куќа ЕУРОХАУС АД Скопје | 23.04.2008 | 08.05.2008 | ЕХ |
| | Брокерска куќа ДЕЛТА БРОКЕР АД Скопје | 06.06.2008 | 02.07.2008 | ДЛ |
| | Брокерска куќа ИДЕЈА ПЛУС БРОКЕР АД Радовиш | 06.06.2008 | 02.07.2008 | ИП |
| | Брокерска куќа НОВИ ТРИГЛАВ АД Скопје | 06.06.2008 | 23.06.2008 | НТ |
| | СТАТЕР БАНКА АД Куманово | 04.09.2008 | 24.09.2008 | СТ |
| | | | | |

| | *Назив* | *Датум на привремено исклучување од членство* | *Датум на повторно стекнување на статусот на членка* |
|---|---|---|---|
| Привремено исклучување од членство | ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | 15.03.2008 | 09.04.2008 |
| | ДИНЕВ БРОКЕР АД Скопје | 24.07.2008 | 05.09.2008 |
| | БЕТА БРОКЕР АД Скопје | 10.11.2008 | 23.12.2008 |
| | МОЈ БРОКЕР АД Скопје | 10.11.2008 | Ден на исполнување на континуираните услови за членство |
| | БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | 30.12.2008 | 16.02.2009 |

| Суспендирање од тргување со хартии од вредност, согласно чл.10 од Правилата за членство | Назив | Датум на суспендирање | Датум на повторно стекнување на правата од членство |
|---|---|---|---|
| | ДИНЕВ БРОКЕР АД Скопје | 05.09.2008 | Ден на достава на доказ за именување на овластен директор |

| | Назив | Датум на трајно исклучување од членство | Шифра за тргување |
|---|---|---|---|
| Трајно исклучување од членство | КБЦ Секјуритис АД Скопје | 17.10.2008 | СЗ |
| | БЕТА БРОКЕР АД Скопје | 30.12.2008 | БЕ |

| | |
|---|---|
| Број на членки на крај на 2008 година | **27** |

Во текот на 2008 година Одборот на директори донесе одлуки за прием на седум овластени учесници на пазарот на хартии од вредност во членство на Берзата: Пеон Брокер АД Скопје, Мој Брокер АД Скопје, Еурохаус АД Скопје, Делта Брокер АД Скопје, Идеја Плус Брокер АД Радовиш, Нови Триглав АД Скопје и Статер Банка АД Куманово. По приемот во членство, сите куќи навремено ги исполнија обврските утврдени во Правилата за членство и во предвидените рокови започнаа да ги користат правата од членство во Берзата, односно започнаа со тргување со хартии од вредност.

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на членките, Македонската берза во текот на 2008 година ги преземе следните активности:

- Поради покренување на постапки за ликвидација од страна на акционерите, на 16.10.2008 година Комисијата за хартии од вредност ја одзема дозволата за работа на брокерската куќа КБЦ Секјуритис АД Скопје, а на 24.12.2008 година ја одзема дозволата за работа на брокерската куќа БЕТА БРОКЕР АД Скопје. Со

донесените решенија на КХВ, Берзата беше задолжена веднаш по приемот на истите да ги исклучи од членство брокерските куќи КБЦ Секјуритис АД Скопје И БЕТА БРОКЕР АД Скопје. Оттаму, Одборот на директори на Берзата донесе одлуки за трајно исклучување од членство во Берзата на наведените брокерски куќи.

- Во текот на 2008 година, постапувајќи по донесени решенија од Комисијата за хартии од вредност, Берзата изрече мерка "привремено исклучување од членство" спрема неколку членки. Имено, врз основа на соодветни решенија на Комисијата за хартии од вредност со кои беше изречена мерка привремена забрана на членка за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од КХВ за работа, согласно Законот за хартии од вредност и Правилата за членство на Берзата, беа донесени одлуки за привремено исклучување од членство во Берзата во времетраење од 30 работни дена за следните членки: Иново Брокер АД Скопје, Динев Брокер АД Скопје и Бета Брокер АД Скопје. Врз основа на соодветни решенија на Комисијата за хартии од вредност со кои беше изречена санкција спрема овластени брокери на членките на Берзата, што резултираше со неисполнување на некои континуираните услови за членство од Правилата за членство на Берзата од страна на некои членки, Берзата донесе одлука за привремено исклучување од членство на следните брокерски куќи: Мој Брокер АД Скопје и Динев Брокер АД Скопје.

### 5.2. Овластени брокери

По однос на лицата вработени како овластени брокери кај членките на Македонската берза АД Скопје кои имаат право за пристап до БЕСТ системот во име на членката, состојбата во 2008 година е следна:

На почетокот на 2008 година бројот на овластени брокери со доделени кориснички имиња за користење на БЕСТ системот изнесуваше 73 лица. Во текот на 2008 година 34 овластени брокери се стекнаа со статусот овластен брокер со дозвола на пристап до БЕСТ системот и на истите им беа доделени кориснички имиња. Во текот на 2008 година беа изразени појавите на миграција на лиценцирани брокери од една во друга членка, пред се, како резултат на зголемувањето на бројот на членки на Македонската берза и потребата од нивно кадровско екипирање. Со секоја од ваквите промени соодветно се регулираше правото на овластените брокери за пристап до БЕСТ системот на Берзата во име на соодветната членка. На крајот од 2008 година бројот на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Берзата изнесува 96 лица.

Овластените брокери кои во текот на 2008 година се стекнаа со право за пристап до БЕСТ системот на Берзата ги посетуваа потребните стандардни обуки и полагаа посебен стручен испит организиран од Берзата за познавање на БЕСТ системот и Правилата за тргување на Берзата.

Во 2008 година состојбата со статусот на овластените брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| Овластени брокери со право на пристап до БЕСТ | |
|---|---|
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на почеток на годината | **73** |
| | |
| Број на овластени брокери кои се стекнале со правото за пристап до БЕСТ системот | **34** |
| Број на овластени брокери на кои им е суспендирано правото за пристап до БЕСТ системот | **38** |
| Број на овластени брокери на кои им е активирано суспендираното право за пристап до БЕСТ системот | **27** |
| | |
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на крај на кварталот | **96** |

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на овластените брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, во текот на 2008 година на неколку наврати Берзата го укинуваше, односно суспендираше, и активираше правото на пристап на овластените брокери до БЕСТ системот на Берзата.

Во текот на 2008 година Берзата ги водеше и редовно ги ажурираше регистарот на членки и регистарот на брокери, согласно одредбите на Правила за членство на Берзата.

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2008 година Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Во определени случаи, за наодите од надзорот над тргувањето беше информирана и Комисијата за хартии од вредност.

Врз основа на наодите од теренскиот надзор во 2007 година, како и врз основа на утврдени ситуации во тргувањето со хартии од вредност, во првиот квартал на 2008 година Берзата даде генерални препораки до нејзините членки. Во однос на несоодветното постапување на некои членки, Берзата даде инструкции како да бидат надминати воочените слабости и го следеше исполнувањето на препораките и обврските од страна на членките. Кај членките кај кои во текот на контролата во 2007 година беа утврдени неправилности или неусогласности во работењето со актите на Берзата со почетокот на 2008 година се продолжи со постапување согласно Правилата за однесување и дисциплина. Имено, согласно Правилата за однесување и дисциплина беа спроведени дисциплински постапки против шест членки на Берзата и еден овластен брокер, поради утврдени состојби во рамките на теренски и вонтеренски контроли кои укажуваа на неправилности во применувањето на актите на Берзата при тргување со

хартии од вредност од страна на овие учесници на пазарот на хартии од вредност. Одборот на директори на Берзата на седница одржана на 24.03.2008 година ги разгледа доставените мислења и предложените дисциплински мерки од Дисциплинската комисија и против пет членки на Берзата и еден овластен брокер донесе дисципински одлуки согласно член 23 и член 24 од Правилата за однесување и дисциплина. Една од дисциплинските одлуки на Одборот беше обжалена од страна на афектираната членка на Берзата. Поднесената жалба од членката заедно со пропратната документација беа доставени до Комисијата за хартии до вредност за понатамошно постапување. Комисијата за хартии од вредност ја одби жалбата на членката како неоснована, со што се потврди одлуката на Одборот на директори на Берзата.

Во рамките на своите надлежности и овластувања, Македонската берза АД Скопје во текот на 2008 година спроведе одреден број редовни непосредни контроли на работењето на овластени учесници во тргувањето - членки на Берзата, како и вонтеренски контроли. Во периодот јули- декември 2008 година беше спроведена редовна теренска контрола на осум членки на Берзата кои беа примени во членство на Берзата во текот на 2007 и 2008 година. Целта на редовната контролата беше да се утврди степенот на усогласеност на работењето на членките со законските и подзаконските прописи со кои се регулира работењето со хартии од вредност и актите на Берзата, како и да се зајакне надзорната функција на Берзата како саморегулирачка институција. Исто така, беше спроведена вонтеренска контрола кај четири членки на Берзата кај кои во изминатиот контролен период биле покренати дисциплински постапки. Врз основа на наодите од контролите на работењето на овластените учеснички во тргувањето-членки на Берзата беа изготвени записници и истите беа доставени до секоја членка поединечно. По завршувањето на контролите беше подготвен извештај за контролите, за разгледување од страна на Одборот на директори на Берзата.

## 7. НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2008 година, сумарно се прикажани преку следните пунктови:

- **Донесување на нови и изменување на дополнување на постоечките акти на Берзата**

  Со цел прецизно регулирање на работењето на Берзата, во текот на 2008 година беа подготвени и донесени неколку акти, и тоа:
  - Во месец Февруари, беше донесена Политика на Македонска берза АД Скопје за производи и продажба на информации, што го уреди работењето на Берзата во врска со понудувањето и продажбата на информации од тргувањето со хартии од вредност на комерцијална основа;
  - Во месец Март, Одборот на директори на Берзата донесе Правилник за постапување при времено прекинување на тргувањето со хартии од вредност, со кој се прецизирани: основот за прекинување на тргувањето со хартии од вредност согласно Правилата за котација и Правилата за

тргување на Берзата; времетраење на прекинот на тргувањето со хартии од вредност; и постапка при прекин и продолжување на тргувањето со хартии од вредност;

- На седницата одржана на ден 15.05.2008 година, Одборот на директори на Берзата донесе нов Тарифник за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, согласно декларираните програмски определби на Берзата дека во оваа повисока фаза од развојот на македонскиот пазар на хартии од вредност е потребно да се намалат трансакционите трошоци за инвеститорите. Дополнително, измените на Тарифникот беа резултат на потребата од надградување и/или прилагодување на Тарифникот поради измените на Законот за хартии од вредност и воведувањето на нови берзански услуги;
- Постапувајќи по Правилникот за начинот на водење и одржување на одделни податоци за работењето на Берзата донесен од страна на Комисијата за хартии од вредност (Службен весник бр.75 од 23.06.2008 година), Македонската берза усвои Интерно упатство за уредување на начинот на водење, чување и одржување на одделни податоци за работењето на Македонска Берза АД Скопје.

Со цел подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на пропишаните одредби од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност од страна на Берзата, во текот на 2008 година беа направени измени во актите на Берзата по иницијатива на Берзата или по задолжување од страна на Комисијата за хартии од вредност и тоа:

- Во Правилата за котација се воведе обврска за котираните компании при објавување на консолидирани ревидирани финансиски извештаи задолжително да ги објават и белешките кон финансиските извештаи;
- Во Правилата за членство е променет еден од условите за прием на овластениот учесник на пазарот за хартии од вредност во членство на Берзата, односно наместо условот за најмалку двајца овластени брокери во редовен работен однос, овластениот учесник треба да има најмалку две лица во редовен работен однос кои поседуваат дозвола за работење на брокер или дозвола за работење на инвестиционен советник издадена од Комисијата;
- Во Правилата за тргување е интервенирано во неколу наврати, при што позначајните промени во текот на 2008 година се однесуваат на: замената на принципот на премин од континуирано тргување во фиксинг со услов дека доколку во период од 3 дена не се пробива МПК за определена хартија од вредност, истата четвртиот ден преминува од континуирано тргување во фиксинг; вградување на концептот на МПК во Правилата за тргување; промени и дополнувања во начинот на тргување преку групни сметки; воведување на услов за успешност на јавна берзанска аукција на акции (учество на најмалку двајца заинтересирани домашни и странски правни и физички лица) и др.

Во текот на 2008 година, Одброт на директори донесе одлука за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата во насока на намалување на периодот на порамнување на склучените трансакции на

Берзата и измена на ценовните ограничувања при формирање на цените на блок трансакциите, за кои во тек е постапка пред Комисијата за хартии од вредност за барање на согласност за примена на истите.

- **Активности во врска со Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата усвоен од страна на Одборот на директори на ден 15.05.2008 година**

На седницата одржана на ден 15.05.2008 година, Одборот на директори на Берзата донесе нов Тарифник за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, кој согласно законската обврска беше доставен до Комисијата за хартии од вредност за согласност. На линија на декларираните програмски определби на Берзата дека во моменталната фаза од развојот на македонскиот пазар на хартии од вредност е потребно да се намалат трансакционите трошоци за инвеститорите, со новиот тарифник, пред се, се намалија трансакционите трошоци за тргувањето со акции. Комисијата за хартии од вредност на ден 19.05.2008 година донесе Решение бр.08-2018/4 со кое даде согласност на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје и истовремено ја задолжи Берзата да ги имплементира забелешките на КХВ во текстот на Тарифникот во рок од седум дена од денот на приемот на Решението. Забелешките на КХВ, истакнати во форма на задолжение на Берзата, се однесуваа на утврдување на видот и висината на голем број надоместоци кои Берзата ги наплаќа за услугите кои ги нуди, суштински менувајки некои од најбитните приходни ставки во работењето на Берзата, и притоа определувајки ја висината на одделни надоместоци што ги наплаќа Берзата.

Постапувајќи по задолжувањето од КХВ, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука со која ги имплементараше забелешките на КХВ во текстот на Тарифникот, но истовремено, незадоволен со наложените измени од страна на Комисијата за хартии од вредност, Одборот на директори заклучи Берзата да поднесе жалба до второстепената Комисија за решавање по жалби во областа на хартии од вредност.

Со оглед на тоа дека во Решението бр.08-2018/4 беше утвредено дека поднесувањето на жалба не го одлага извршувањето на истото, Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата започна да се применува од 01.06.2008 година.

Второстепената Комисија, одлучувајќи по жалбата на Берзата, донесе Решение бр.07-22/2 од 24.07.2008 година со кое поништи две точки од диспозитивот на првостепеното Решение бр.08-2018/4 и истото го врати на повторно решавање.

Комисијата за хартии од вредност, постапувајќи по задолжението во второстепеното Решение бр.07-22/2, на ден 20.08.2008 година донесе Решение бр.08-2018/12 со кое повторно се дава согласност на Тарифникот на Берзата бр.09-1363/2, при што повторно се наложува Берзата во рок од 7 календарски дена од денот на приемот на Решението да изврши одредени измени во текстот на Тарифникот што се однесуваат на висината на надоместоците на Берзата, овој пат во правец на дополнително намалување на носечките надоместоци во работењето на Берзата.

Имајки го предвид диспозитивот на Решението бр. 08-2018/12 во предвидениот рок Берзата ги имплементираше забелешките на Комисијата и повторно поднесе жалба до второстепената Комисија на Решението бр.08-2018/12, со предлог Комисијата за решавање на жалби во областа на хартии од вредност да донесе решение со кое мериторно и конечно ќе одлучи по поднесената жалба. Со Решение бр.07-22/9 од 20.11.2008 година на второстепената Комисија се одби жалбата поднесена од Берзата, се потврди Решението на Комисијата за хартии од вредност и се задолжи Комисијата за хартии од вредност да иницира и да организира работна средба со претставници на Берзата, со цел дополнително усогласување на ставовоте во однос на висината на надоместоците во Тарифникот, односно воспоставување на баланс помеѓу заштитата на јавниот интерес изразен во облик на намалување на трошоците на инвеситорите и поевтинување на тргувањето со хартии од вредност од една страна и јавниот интерес кој значи постоење на стабилен и развојно ориентиран секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија од друга страна.

После одржаната работна средба со Комисијата, Одборот на дирекори заклучи да се изготват измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата, имајќи ги предвид претходните програмски определби на Берзата за намалување на трансакционите трошоци за инвеститорите, состојбите на пазарот на хартии од вредност и потребата за обезбедување на финансиска стабилност и остварување на развојните перспективи на Берзата, и истиот да биде доставен на Комисијата за хартии од вредност за согласност.

- **Одржани две седници на Собранието на акционери на Берзата**

Во текот на 2008 година се одржаа две седници на Собранието на акционери на Берзата,и тоа:

- На ден 23.04.2008 година беше одржано Годишното Собрание на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2007 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2007 година, Финанскиските извешатаи за 2007 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2008 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2007 година, Одлука за распоредување на добивката по годишната сметка за 2007 година, Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2007 година, Одлука за избор на член на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје, Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Македонска берза АД Скопје и Одлука за утврдување на месечен надоместок на неизвршни членови на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје.

- Врз основа на потребата за свикување на вонредно Собрание на акционери на Берзата поради истекување на мандатот на членовите на Одборот на директори на Берзата, Одборот на директори на Берзата закажа Собрание на акционери на Берзата на ден 23.12.2008 година со единставена точка на дневен ред - Избор на членови на Одборот на директори на Берзата.

Собранието на акционери на Берзата се одржа на 23.12.2008 година, при што беше избран новиот состав на Одборот на директори врз основа на предлозите за кандидати кои беа доставени од акционерите на Берзата.

Новиот состанок на Одборот на директори ја одржа својата прва конститутивна седница на ден 23.12.2008 година, на која беа донесени одлуки со кои за Претседател на Одборот беше избран г-дин Кристијан Поленак, а за извршни директори на Берзата повторно беа избрани г-дин Иван Штериев и г-ѓа Елена Јакимовска Петровска, соодветно на функциите кои дотогаш ги извршуваа.

Во рамките на горенаведените активности, Берзата ги презеде сите неопходни чекори за подготовка и реализација на акционерските собранија, а потоа беа преземени неопходните активности околу спроведување на одлуките на Собранието на акционери и соодветните измени во Трговскиот регистар.

- **Соработка со Комисијата за хартии од вредност**

  - **Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти**

  Во текот на 2008 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот.

  - **Доставување мислења во јавна расправа за предлог-акти**

  Во врска со подзаконската регулатива која беше во подготовка и која беше објавена на веб страницата на КХВ за јавна расправа, Македонската берза АД Скопје достави до Комисијата мислење по однос на три предлог правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност и тоа: Предлог-Правилник за начинот на водење и одржување на одделни податоци за работењето на берза, Предлог-Правилник за определување на други дополнителни критериуми кои треба да ги исполни членка на берза, кои не се определени во Законот за хартии од вредност и правилата за членство на берза и Прелог- Правилникот за формата и содржината на известувањата кон КХВ од страна на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на КХВ.

  - **Контроли од страна на Комисијата**

  Во текот на 2008 година, Комисјата за хартии од вредност изврши две теренски контроли над работењето на Берзата и тоа:
  - на ден 11.11.2008 година извршена е вонредна контрола на Берзата во врска со објавувањето на ценовно чувствителни информации поради зголемување на основната главнина на Бетон АД Скопје. Записникот од контролата беше доставен на 01.12.2008 година.

- на ден 24.12.2008 година извршена е редовата контрола над работењето на Берзата. Записникот од редовната контрола не беше доставен до Берзата во текот на извештајниот период.

- **Иницијатива на Берзата за измени на Законот за хартии од вредност, учество во работна група и доставување забалешки за измени и дополнувања на законска регулатива**

  На почетокот од месец Август од страна на Берзата до Министерството за финансии на Република Македонија и до Комисијата за хартии од вредност беше доставена Иницијатива за измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност во делот што ги регулира сопственичките ограничувања во берзата, односно предложено е бришење на постоечкиот лимит од 10% од акциите на берзата во сопственост на едно или поврзани лица и воведување градуелен принцип на стекнување на поголем процент од вкупно издадените акции од берза од страна на едно или поврзани лица со претходна согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност.

  Истовремено, Министерството за финансии формираше работна група за подготвување на предлог-закон за измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност и по нивно барање, Берзата номинираше свој претставник за учество во работната група. Исто така, Берзата до Министерот за финансии достави и други писмени предлози за измени на Законот за хартии од вредност.

  Исто така, Берзата до Министерот за економија достави писмени забелешки на Предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за трговски друштва кои главно се однесуваа на предложените одредбите кои се однесуваат на котираните акционерски друштва на Берзата и кои во голем дел се прифатени од работната група која го подготвува предлог-законот.

- **Склучени деловни договори на Берзата**

  - **Договори за дистрибуција на берзански податоци**

    Договорите за диструбуција на берзански податоци кои, согласно Политиката за производи и продажба на информации и Тарифникот за висина на надоместоци на Македонска берза АД Скопје, Берзата ги има склучено со домашни и странски правни лица се прикажани во следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| Капитал | 03-1274/1 од 08.05.2008 | Користење на берзански информации |
| НБРМ | 03-1501/1 од 28.05.2008 | Користење на берзански информации |
| НБРМ | 03-1973/1 од 16.07.2008 | Крај на трговскиот ден |
| Teletrader | 03-2068/1 од 25.07.2008 | Реално време |
| КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП | 03-2477/1 од 01.10.2008 | Тикер |
| КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП | 03-2478/1 од 01.10.2008 | Крај на трговскиот ден |

| | | |
|---|---|---|
| Europoint Systems d.o.o | 03-2692/1 од 30.10.2008 | **Реално време** |
| Еуро Брокер АД Скопје | 03-2949/1 од 26.11.2008 | **Реално време** |
| Teletrader | 03-3138/1 од 11.12.2008 | **Реално време** |
| Синерџи инвестментс ДОО Скопје | 03-3215/1 од 18.12.2008 | Задоцнување од најмалку 10 минути |
| Bloomberg | 03-3221/2 од 24.12.2008 | **Реално време** |

- **Договори за одржување на компјутерската опрема и опрема за поддршка**

Со цел обезбедување на непречено функционирање на компјутерската опрема и на опремата за поддршка на електронскиот систем за тргување, Берзата во текот на 2008 година склучи договори со неколку домашни фирми, со кои се регулираат меѓусебните права и обврски во врска со сервисирањето и одржувањето на опремата. На ден 16.05.2008 година е потпишан Анексот бр.7 на Догорот за лиценца за употреба на БЕСТ системот со Љубљанска берза, со кој е регулирано дека Берзата се стекнува со право да ја тестира и користи најновата верзија 2.4 на БЕСТ системот и истата се депонира на чување во Берзата.

- **Договор за закуп на деловен простор**

На ден 20.02.2008 година, Берзата склучи договор за закуп на дел од деловниот простор кој во моментот не се користи за потребите на Берзата со фирмата Минеко Обоени метали ДООЕЛ Скопје. Закупецот на деловниот простор редовно ги исполнуваше доворните обврски кон Берзата како закуподавач.

- **Склучени анекси помеѓу Берзата, членките на Берзата и Македонски телекомуникации АД Скопје**

Во почетокот на 2008 година беше извршена промена на начинот на финансирање на комуникациското поврзување на членките на Берзата со БЕСТ системот, односно Берзата изврши пренос на финансиските обврски по основ плаќање за користење на закупените линии од Македонски Телекомуникации АД Скопје преку кои дотогаш се обезбедуваше комуникациско поврзување на членките со БЕСТ системот, на сметка на членките на Берзата. За таа цел, во текот на првото тромесечје од 2008 година беа потпишани и стапија на сила трилатералните анекси склучени помеѓу Берзата, членките на Берзата и Македонски Телекомуникации АД Скопје, во кои е регулиран новиот начин на финансирање на комуникациското поврзување.

- **Заштита на логото на Берзата**

  Во текот на месец Март заврши постапката за заштита на логото на Берзата која отпочна во текот на 2006 година, преку поднесување на барање за заштиа до Државниот завод за индустриска сопственост, со што се признава правото на Берзата на услужна, индивидуална трговска марка.

- **Судски постапки**

  Во текот на извештајниот период, а во врска со претходно донесен заклучок од страна на Одборот на директори на Берзата, поднесени се тужби против 8 котирани компании ( ЕМО АД Охрид, Жито Вардар АД Велес, Карпош АД Скопје, Киро Ќучук АД Велес, АГД Маврово Скопје, Отекс АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп) поради неподмирени надоместоци за котација за 2005, 2006 или 2007 година. Исто така, во текот на 2008 година, продолжија активностите во врска со отпочнатите судски постапки во претходните години против акционерските друштва кои ги немаат подмирено надоместоците за котација на нивните хартии од вредност на Берзата. Во таа рамка, по претходно барање на Повардарие АД Неготино, извршено е вонсудско порамнување со ова друштвото преку потпишување на договор за цесија, врз основа на кој е намирено побарувањето што Македонска берза АД Скопје ги имаше кон ова друштво по основ на неплатен надомест за котација за 2002 година.

  Во текот на 2008 година против Берзата е поднесена една тужба и тоа од страна на акционерот Тихомир Мукаетов , за ништовност на одлуката за избор на член на Одборот на директори на Берзата, донесена од страна на собранието на акционери на Берзата одржано на ден 23.04.2008 година. Берзата, во законски дозволениот рок достави одговор на тужбата до Основниот суд Скопје 2 Скопје преку адвокат кој го ангажираше за застапување на оваа судска постапка. Првото рочиште од постапката е закажано за 05.02.2009 година.

- **Соработка со надлежни институции и тела**

  Во текот на 2008 година, Берзата доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, претежно во врска со податоци за склучени берзански трансакции.

- **Постапки во врска со Акционерскиот договор**

  Имајки ги предвид активностите поврзани со потенцијалната продажба на мнозински пакет на акции на Берзата од страна на група акционери на стратешки купувач врз основа на спроведување на тендерска постапка од типот на затворен тендер и согласно барањата на Одборот на директори на Берзата, Стручната служба на Берзата беше вклучена во реализација на дел од активностите поврзани со подготовка на потребната тендерска документација.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

Во делот на информатичкото работење и техничката поддршка на Берзата во текот на 2008 година главните активности беа насочени на три полиња: 1) администрирањето и надградбите на БЕСТ системот, на кој се темели електронското тргување со хартии од вредност на Берзата и сите производи со информации кои произлегуваат од тргувањето со хартии од вредност; 2) спроведувањето на потребните набавки во делот на информатичката и техничка опрема за берзата; и 3) изработка на нови софтверски производи. Поконкретно, активностите во делот на информатичкото работење и техничката поддршка на Берзата во текот на 2008 година ги опфатија следните активности:

1. **Администрирање и надградби на БЕСТ системот**

*Измени на БЕСТ системот* - По добивањето на согласност за измените на правилата за тргување од Комисијата за хартии од вредност, Дирекцијата за информатичка и техничка подршка во неколку наврати во текот на 2008 изврши тестирање и имплементација на измените во БЕСТ системот. Во Мај 2008 година беше воведена измената во која се употребува нов параметар за пресметка на базна цена за ценовните ограничувања (МПК = минимална потребна количина). Во Јули 2008 година се воведе измена која се однесуваше на употребата на параметарот за МПК како услов за премин во фиксинг (n денови непробиен МПК за премин во фиксинг). Во декември 2008 година се воведоа два нови режими на тргување фиксинг со ценовни ограничувања и фиксинг без ценовни ограничувања. Исто така, во текот на 2008 година во неколку наврати беа извршени промени на начините за пресметка на трансакционата провизија.

*Пуштање во работа на нови членки* - Согласно одлуките на Одборот на директори на Македонската берза за прием во членство на нови членки, дирекцијата за информатичка и техничка поддршка по налог на извршните директори на Берзата ги изврши сите неопходни активности за воспоставување на комуникациски линии со овие членки, инсталација на станици за тргување и конфигурирање на нивните рутери. Исто така, одделот изврши соодветни подесувања на БЕСТ системот, со што новите членки отпочнаа со тргување на Берзата.

*Изработка на нови предледи во БерзаНет Надзор* – Во текоет на цела 2008 година по барање од секторот за Деловни операции беа изработени нови и прилагодени веќе постоечки прегледи во БерзаНет Надзор.

2. **Спроведени набавки**

Согласно Програмата за работа за 2008 година, дирекцијата спроведе постапка за набавка на нови сервери, системски софтвер и комуникациска опрема. Беше изготвена спецификација на опремата и по истата беа побарани пет понуди. По евалуацијата на

понудите на 15.05.2008 година беше потпишани договор за набавка со најдобриот понудувач. Во продолжение е наведен список на набавената хардверска и софтверска опрема:

| Реден број | Тип на опрема | Опис |
|---|---|---|
| Хардверска опрема | | |
| 1. | HP DL 380 | Mail сервер |
| 2. | HP DL 380 | Сервер за хостирање на СЕИНЕТ |
| 3. | HP DL 380 | Сервер за тестирање на нова верзија на БЕСТ системот |
| 4. | CISCO 3845 | Комуникациски рутер за овозможување пристап на членките преку изнајмени линии |
| 5. | CISCO 2811 | Комуникациски рутер за овозможување пристап на членките ISDN линии |
| 6. | Cisco Catalyst 2948 10/100/1000 | Резервен свич |
| 7. | Cisco RPS 2300 | Резервно напојување за Cisco уреди |
| Софтверска опрема | | |
| 1. | Windows Server 2003 R2 | Системски софтвер за mail, СЕИНЕТ и тестен сервер |
| 2. | Kiwi Syslog server | Софтвер за прибирање на настани од различни уреди (сервери и комуникациска опрема) |
| 3. | Microsoft MSDN professional with Visual Studio 2008 | Алатка за развој на апликации, со вклучена две годишна претплата за нови надградби на Microsoft производи |
| 4. | FusionChart V3.0 | Компоненти за приказ на графикони |

## 3. Изработка на нови софтверски производи

*Пуштање но употреба на новата веб страница на Берзата* - По извршените тестирања на новата верзија на web страницата на Берзата, истата беше пуштена во продукција на 11.02.2008 година. Новата web страница е изработена со употреба на современи технологии како што се ASP.Net и RSS. Исто така во текот на 2008 година беа извршени низа промени на web страната на Берзата.

*Изработен web service за дистрибуција на берзански податоци* - Согласно усвоените политики за дистрибуција на берзански податоци од страна на Одборот на директори на Берзата, дирекцијата за информатичка и техничка поддршка изработи апликации за дистрибуција на берзански податоци (web service). Исто така, одделот изработи и техничка документација која е потребна за имплементација на соодветно апликативни решенија од страна на потенцијалните корисници на истите.

*Пуштена во употреба нова верзија на БестНет* - Дирекцијата за информатичка и техничка подршка во соработка со секторот за деловни операции креираше нова верзија на БестНет во која се имплементираа некои нови функционалности како на пример: автоматизирано освежување на страниците, пазар по цени со длабочина 10,

пазар по налози со длабочина 10, графикони на цените за хартиите од вредноство текот на денот, индекси и друго.




*<u>Изработена апликација за мониторинг на  UPS, DEG и CCU</u>* – Во текот на третиот и четвртиот квартал на 2008 година беше завршена имплементацијата на апликацијата за мониторин и известување од системите за непрекинато напојување со ел. енергија (UPS), дизел агрегатот (DEG) и уредот за климатизација (CCU). Апликацијта се состои од шест модули, и тоа:

- Модул за праќање на СМС пораки
- Модул за мотиринг на UPS
- Модул за мониториг на DEG
- Модул за мониториг на CCU
- Модул за приказа на моменталните податоци на веб
- Модул за снимање на прибраните податоци во база на податоци

*<u>Изработена апликација за архивско работење</u>* - За потребите на берзата беше изработена апликација за архивско работење. Апликацијта поддржува трансакциона репликација на податоците до серверот на Берзата сместен во просториите на КИБС АД Скопје.

*<u>Пуштена во употреба нова верзија на СЕИНЕТ (дел за приказ на web)</u>* - Дирекцијата за информатичка и техничка подршка во соработка со секторот за деловни операции креираше нова верзија на СЕИНет (делот кој ги прикажува објавите на web). Во оваа нова верзија се имплементирани нови функционалности како на пример: едноставно и напредно пребарување, приказ на поединечна објава (документ) со можност за директен пристап до следниот/претходниот документ од ист издавач или урнек. При имплементација на овој проект се употребија современи технологии како што се .Net 3.5 и RSS.




# 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Еден од најуспешните едукативни проекти кои ги организира Македонската берза АД Скопје, проектот „Студентска берза”, во текот на 2008 година продолжи со својата реализација. Во првата половина од 2008 година се одвиваше третиот циклус на овој пероект кој започна во Октомври 2007 година. Берзата преземаше активности за сервисирање на апликацијата, промоција на проектот и на доделувањето на наградите на најдобрите учесници на месечно ниво. На 03.07.2008 година, во просториите на Македонска берза се одржа промоција по повод завршувањето на овој циклус на проектот „Студентска берза” и се додели награда на најуспешниот учесник за остварена најголема вредност на портфолио во тргувањето со акции. На промоцијата присуствуваше и амбасадорот на ЕУ во Македонија, НЕ Ерван Фуере, кој истакна дека овој проект овозможува спој на теоретското знаење и практичната работа, со што придонесува за образованието на младите кадри и нивното подготвување за предизвиците кои ги носи пазарното стопанство. Со стартот на новата академска 2008-2009 година започна реализацијата на новиот, четврти циклус на проектот “Студентска берза”. Берзата и во овој циклус обезбеди покровители на проектот и продолжи со доделување награди на најдобрите пет учесници на месечно ниво. Со цел запознавање на студентите со овој проект, берзата го презентираше проектот во јавноста и придобивките кои истиот ги нуди за сите учесници.

Со цел стимулирање на развојот на научната мисла и изработка на трудови од областа на пазарот на хартии од вредност, на деветтата конференцијата на Берзата во април 2008 година беше доделена награда за најдобар истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност во РМ за 2007 година за трудот „Емпириско тестирање на моделот за вреднување на капитални средства – случајот на Македонската берза”. Продолжувајќи ја започнатата традиција, во декември Берзата објави конкурс за годишна награда за истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија за 2008 година. Наградата за најдобар истражувачки труд ќе биде доделена за време на X Годишна конференција на Македонската берза што ќе се одржи во април 2009 година.

Како резултат на праксата што Берзата ја има воспоставено со средните училишта и високообразовните институции во Република Македонија за организирани посети на групи ученици и студенти на берзата, во текот на целата година беа реализирани бројни посети од повеќе средни училишта и факултети од неколку градови во Македонија, за време на кои беше презентирана организационата поставеност и начинот на работа на берзата и на останатите институции на пазарот на хартии од вредност, а воедно беше презентиран и берзанскиот електронски систем за тргување БЕСТ.

На покана на неколку високообразовни институции претставници на берзата одржаа едукативни предавања на кои беше претставена Македонската берза и пазарот на капитал во Република Македонија.

Извршниот директор на берзата, како ментор на темата “Како да се привлече капитал за развој”, во месец април учествуваше на “Ceed top class 2007/2008 – Размена на изкуства” во организација на USAID, CEED и SEAF.

Во просториите на берзата беа организирани предавања за посетителите на обуката за работење со хартии од вредност во организација на Комисијата за хартии од вредност со цел презентација на берзанскиот електронски систем за тргување (БЕСТ).

Во организација на Капитал Медиа Груп и Проектот за деловно опкружување на USAID на 22.10.2008 година во Скопје се одржа тркалезна маса “Една година инвестициски фондови во Македонија” на која г-нот Иван Штериев зеде учество како панелист.

Во текот на 2008 година вработени лица во Берзата учествуваа на неколку едукативни семинари и конференции, со цел унапредување на нивните вештини и познавања, и тоа во однос на работењето со хартии од вредност; во однос на имплементацијата и функционирањето на банка чувар на имот; запознавањето со техники на остварување на јавен настап и интервју со медиуми; креирање на индекси и структурни производи; совладување на методологија за анализа на веб страници на котирани друштва заради утврдување на степенот на покриеност на прашања од областа на односи со инвеститори и општествената одговорност на друштвото и друго.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Главен промотивен настан во 2008 година беше одржувањето на две инвеститорски конференции на кои беа претставени неколку котирани компании на Македонската Берза АД Скопје, како и самата берза. Имено, со цел постигнување на поголема препознатливост на регионалниот пазар на капитал и привлекување на поголеми институционални и портфолио инвеститори од светот, со Меморандумот за партнерство што го потпишаа неколку регионални берзи меѓу кои и Македонска Берза АД Скопје, беше предвидено организирање на настани од меѓународен карактер во форма на инвеститорски конференции. На 11.06.2008 година во Загреб се одржа првата регионална инвеститорска конференција. На конференцијата 24 најголеми издавачи од регионот, меѓу кои и три македонски котирани компании, се претставија пред околу 150 институционални и портфолио инвеститори. За време на конференцијата се одржаа и околу 160 поединечни состаноци помеѓу претставници на издавачите и

заинтересираните инвеститори. Втората инвеститорска конференција се одржа во Виена на 15 и 16 октомври 2008 година, организирана во соработка со Raiffeisen Centrobank, насловена како прва меѓународна средба на пазарите на капитал од Југоисточна Европа. За време на настанот се претставија одбрани компании од сите 8 берзи потписнички на Меморандумот и истите одржаа повеќе од 140 индивидуални состаноци со портфолио инвеститори. И на оваа средба, како и на претходната, беа реализирани презентации на три македонски котирани компании.

Од особено значење во делот на промоцијата на Македонската берза во 2008 година беше пуштањето во употреба на новата, редизајнирана веб страница на Берзата што се случи на 11 февруари 2008 година. Со оглед на сé поголемиот интерес на граѓаните, правните субјекти и медиумите за информации поврзани со берзанското работење, берзата ги унапреди можностите на корисниците за поефикасен и поедноставен пристап до потребните информации. Водејќи се од нивните потреби таа го дефинираше изгледот на новата веб страница. Користени се современи алатки кои ги нудат новите технологии за побрз и поедноставен приказ и пристап до потребните информации, како на пример RSS fid-ови кои што претставуваат канали за прием на определен тип на вести преку електронски пораки (е-маил) до крајните корисници.

Голем промотивен настан во второто тромесечие од 2008 година беше одржувањето на IX Годишна Конференција на Македонската берза. Конференцијата, која беше од меѓународен карактер се одржа во периодот од 10-12 април 2008 година во Охрид. На конференцијата присуствуваа околу 250 учесници, од кои половина беа од странство, како и повеќе еминентни панелисти од 8 различни земји. Се одржаа панел дискусии на кои се дискутираше за инвестициските фондови и структурните производи, придобивките од доброто корпоративното управување, медиумите и пазарот на хартии од вредност, како да се зајакне понудата на хартии од вредност. За време на вториот конференциски ден беше извршена промоција на вториот дел од Прирачникот за корпоративно управување во македонските акционерски друштва во кој се обработени: добрите практики на органите на управување и правата на акционерите во акционерските друштва.

На IX Годишна конференција за прв пат беше доделена наградата “Кристално ѕвоно” за најтранспарентно котирано акцонерско друштво на берзата во 2007 година, а наградата беше доделена на Комерцијална банка АД Скопје.

Како резултат на соработката што берзата ја започна со Partners for Financial Stability (PFS) Program при East-West Management Institute, во која се вклучени и Проектот за деловно опкружување на USAID Македонија и IFC од Македонија, во текот на третото тромесечие беа извршени две пилот истражувања на веб страниците на 20 водечки друштва котирани на Македонската берза, заради утврдување на степенот на покриеност на прашања од областа на односи со инвеститори и опшествената одговорност на друштвото. Резултатите од пилот истражувањата беа презентирани на тркалезната маса што се одржа во декември во Скопје.

Берзата и во текот на 2008 година ја продолжи соработката со повеќето печатени и електронски медиуми кои сеопфатно и аналитички ги презентираа перформансите од оствареното тргување на Македонската берза. Во врска со состојбите на пазарот на капитал во Македонија, актуелните случувања на Македонската берза и последиците

кои во овие сфери ги предизвика светската финансиска криза, Главниот извршен директор на Берзата даде интервјуа за неколку домашни и странски печатени медиуми. Од страна на управата на берзата во повеќе наврати беа давани изјави на медиумите за теми и состојби кои беа актуелни за јавноста.

Во текот на целата година берзата редовно објавуваше дневни и периодични извештаи од тргувањето. Подетални информации за тргувањето јавноста добиваше и преку статистичките билтени кои берзата ги објавуваше на месечно, полугодишно и годишно ниво.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во 2008 година Македонската берза оствари интезивна и значајна соработка, како на регионално ниво, така и на пошироко меѓународно ниво.

Во рамките на Меморандум за партнерство што Македонската берза во декември 2007 година го потпиша со берзите од Љубљана, Загреб и Белград на почетокот на 2008 година во Љубљана беа одржани состаноци на претставници на берзите во врска со имплементацијата на договорените активности околу Меморандумот. Воедно, беше извршен прием-придружување кон Меморандумот на берзите од Црна Гора и Босна и Херцеговина. Во март и април се одржаа два состаноци на ниво на членовите на работните групи задолжени за имплементација на трите главни проекти предвидени со Меморандумот за партнерство (организирање на road show, имплементација на регионални blue chip и bencmark индекси и регионален веб портал) со цел утврдување на подготвителните активности околу реализацијата на овие проекти.

Во рамки на Меморандумот за партнерство, Македонската берза учествуваше во воведувањето на двата регионални индекси: DJ STOXX Sub Balkan Total Market Index и the DJ STOXX Sub Balkan 30, кои ќе придонесат за зголемување на меѓународната препознатливост на издавачите од Македонија и нивното значење во регионот.

На 29.01.2008 година во Љубљана е одржан состанок со претставници од берзите од регионот кои што ја користат BTS платформата, односно системот за тргување на Љубљанската берза. Предлогот кој што произлезе од состанокот е да се договори и да се поддржи понатамошниот заеднички настап на сите берзи што ја користат оваа платформа околу изведбата на новата верзија на BTS системот со унапредени функционалности и евентуално понатамошно заедничко одрзување на системот.

Во текот на 2008 година претставници на Берзата беа присутни и зедоа активно учество и во работата на меѓународните организации каде Македонска Берза АД Скопје е членка. Имено, на 17-18 Јуни, претставници на Берзата престојуваа во Стокхолм, Шведска на Годишната Конвенција на Федерацијата на европски берзи (FESE), за време на која се остварени и повеќе билатерални контакти со директори на берзи од поширокиот регион. Берзата учествуваше и во работата на работните тела на Федерацијата на Евроазиските берзи (FEAS).

Исто така, претставници на Берзата учествуваа на годишните конференции организирани од неколку регионални берзи (Љубљана, Подгорица и Загреб). На конференцијата на Љубљанската берза што се одржа во мај во Порторож, Словенија Главниот извршен директор на берзата имаше презентација на панелот посветен на меѓународната и регионална соработка на берзите од Југоисточна Европа.

На покана на Бугарскиот Економски Форум Главниот извршен директор на берзата учествуваше на 10-от Економски форум на Југоисточна Европа што се одржа од 5-6 ноември во Софија, Бугарија. Со своја презентација г-нот Штериев учествуваше на панелот "Пазарите на капитал – перспективи по падот". Во текот на годината, на нивно барање и во неколку наврати беа остварени и други контакти со претставници од бугарскиот пазар на хартии од вредност.

Во духот на соработката и размена на искуства помеѓу Амбасадата на Соединетите Американски Држави и Македонска берза АД Скопје, на 05.12.2008 година се одржа средба за запознавање на новиот амбасадор на САД, Н.Е. Филип Рикер со управата на Македонска берза АД Скопје. Во рамките на средбата се дискутираа глобалните, регионалните и локалните финансиски и економски текови, со посебен осврт на случувањата на Македонската берза.

## 12. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во 2008 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупен приход** во износ од **98.845.720 денари** и истиот е за 72% понизок во однос на остварениот во 2007 година. Ова намалување на приходот се должи пред сé на намалувањето на приходите од надоместот за тргување, што е резултат како на намалениот обем на тргување со хартии од вредност во 2008 година во споредба со 2007 година, така и на намалените провизии, за кои претходно беше елаборирано.

Најголемиот дел од приходите во износ од 71.478.320 денари или 72,4% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување и истите се за 78 % пониски во однос на остварените во 2007 година. Кај приходот од класичните трансакции има намалување од 440% (од 269.143.048 денари во 2007 на 49.811.344 денари во 2008 година), што се должи на 1) намалениот промет во класичното тргување во 2008 година во споредба со 2007 година, кога беа реализирани историски највисоките промети со хартии од вредност од нејзиното основање и 2) значајно намалениот надоместок за тргување со акции. Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 216,9%, приходот од тргувањето при јавни берзански трансакции бележи пораст од 59,1% и приходите од берзанска провизија кај обврзниците бележи намалување од 15,7%.

Приходите остварени од камата на орочени депозити кај банките и од камата на депозити по видување, изнесуваат 8.101.587 денари и претставуваат 8,2 % од вкупните приходи. Намалувањето на овие приходи од 14% во најголема мерка се должи на намалување на износот на пласираните средства како депозити од 222,4 милиони денари на 01.01.2008 година на 99 милиони денари на 31.12.2008 година што произлегува од

одливот на парични средства заради исплата на дивидендата за 2007 година. По основ на вложени средства во државни записи на годишно ниво е остварен приход во износ од 1.993.071 денари. Кај овие приходи имаме зголемување од 17% поради зголемената стапка на каматата по државните записи.

Приходите по основ на надомест за членство изнесуваат 5.582.814 денари. Овој приход е резултат на прием на седум нови членки на Берзата во 2008 година: ПЕОН БРОКЕР АД Скопје, МОЈ БРОКЕР АД Скопје, ЕУРОХАУС АД Скопје, ДЕЛТА БРОКЕРАД Скопје, НОВИ ТРИГЛАВ АД Скопје, Идеја Плус Брокер АД Скопје и Статер Банка АД Куманово (7 х 330.000 денари) за разлика од 2007 година кога имаше прием на шест нови членки. Во последниот квартал од 2008 година се остварени и приходи од членство, за разлика од 2007 година и првото деветомесечие од 2008, кога такви надоместоци не беа наплаќани.

Остварени се и приходи по основ на котациона провизија во износ од 3.800.000 денари или 3,9% од вкупните приходи и овие приходи се за 3% помали во споредба со 2007 година.

Во 2008 година Берзата оствари и други приходи во износ од 7.889.929 денари што се за 2% повисоки во споредба со истите во 2007 година. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, наплатени сомнителни и спорни побарувања, користење на веб страницата на Берзата, приходи од СМС пораки, приходи од дистрибуција на берзански податоци, приходи од котизација на посетители на годишна конференција, донација и друго. Најголемо учество во другите приходи имаат приходите од продажба на Интернет сервисот БЕСТНЕТ во износ од 2.939.530 денари; приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.562.001 (во 2007 година нема приход по овој основ); приходи од котизација на посетители на Годишната конференција во износ од 1.496.731 денари (за кои што постојат соодветни расходи); наплатени сомнителни и спорни побарувања во износ од 863.372 денари;

**Вкупните расходи** остварени во 2008 година изнесуваат **56.986.117 денари** и истите се номинално за 35% пониски од остварените во 2007 година кога истите изнесувале 87.085.629 денари. На намалувањето на расходите во 2008 година во однос на расходите во 2007 година најголемо влијание има намалувањето на надоместокот за реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност од 70% (што се должи на намалените приходи од берзански трансакции) и трошоци за амортизација за 33% поради набавката на сопствен деловен простор и набавка на нови основни средства во текот на 2007 година. Доколку расходите на Берзата во 2008 година се прилагодат за износот на надоместокот кој Берзата го префрла во КХВ, истите изнесуваат 42.846.299 денари наспроти соодветно прилагодените расходи од 39.866.739 денари во 2007 година што претставува зголемување од околу 7,4% или 2.979.560 денари, што се должи на зголемената амортизација поради набавката на деловниот простор (5.524.602 денаро во 2008 година наспроти 2.016.747 денари во 2007 година или разлика од 3.507.855 денари).

Во 2008 година за трошоци за провизија за извршени услуги и слични трошоци направени се расходи во износ од 14.359.983 денари, што претставува 25,2% од вкупните расходи. Во овие трошоци, со 98,5% учествува надоместот од реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност, во износ од 14.139.818 денари. Кај овие расходи имаме намалување од 70% во однос на истите минатата година што се должи на

намалени приходи по основ на надомест од тргување. Останатите трошоци се однесуваат на провизии од банки.

За Општи и аминистративни трошоци и амортизација, направени се расходи во износ од 41.768.793 денари. Во тие рамки трошоците за бруто плати на вработените се реализирани во износ од 15.422.443 денари и истите учествуваат во вкупните расходи со 27,1%. Кај бруто платите во 2008 година во однос на планот има остварување од 98%. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 5.867.011 денари, односно 3.521.609 денари и 2.345.402 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Трошоците по основ на колективен договор изнесуваат 1.145.683 денари и претставуваат 2,1% од вкупните расходи за 2008 година. Во однос на 2007 година имаме намалување од 37% што се должи на неисплатени награди на вработени во 2008 година за разлика од 2007 година кога се исплатени награди за вработените согласно одлука на Собранието на акционери и Одборот на директори во висина на еден милион денари. Овие трошоци се трошоци направени за исхрана (596.042 денари), превоз на вработените (249.641 денари), за регрес за годишен одмор (300.000 денари).

Годишната награда пресметана согласно договорите за уредување на меѓусебните односи помеѓу Берзата и извршните членови на Одборот изнесува 2.000.000 денари во бруто износ, односно 1.200.000 денари и 800.000 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно. Согласно одлуката за годишен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори, донесена на седница на Собранието на акционери од 30.03.2006 година пресметан е годишен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори во вкупен бруто износ од 2.000.000 денари.

Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.897.756 денари или 3,4% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, топлификација, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и истите се во рамката на планираните за 2008 година.

Трошоците за услуги изнесуваат 7.659.088 денари и истите учествуваат со 13,5% во вкупните расходи и се за 20% помали во однос на 2007 година. Од нив 1.146.715 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на 9-тата годишна конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата). Во остварените трошоци за услуги, поголемо учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.475.703 денари, за телефонски услуги и услуги за интернет во износ од 2.489.174 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за печатарски услуги, услуги за обезбедување и друго.

За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 883.067 денари. Кај овие трошоци има намалување од 27% во однос на истите лани, а се за 26% пониски од планираните за 2008 година.

Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.261.334 денари и тие изнесуваат 2,3% од вкупните расходи. Кај овие трошоци имаме намалување од 11% споредено со истите во 2007 година. Намалувањето се должи на намалување на стапката за персоналниот данок од 12% во 2007 година на 10% во 2008 година.

Трошоци за обука на вработените се остварени во износ од 50.000 денари што претставува остварување од 10% од планираните трошоци за оваа намена за 2008 година.

Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 2.381.026 денари и претставуваат 4,2% од вкупните расходи, односно за 32% помали од планираните.

Други административни трошоци се однесуваат на осигурување на имот, осигурување на менаџери и осигурување на вработени во висина од 481.716 денари. Зголемувањето од 10% во споредба на 2007 година се должи на осигурувањето на новонабавениот деловен простор и новонабавената опрема.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 5.524.602 денари, што претставува 9,7% од вкупните расходи и е за 174% повисока во споредба со 2007 година, а се должи на амортизацијата на деловниот простор и новонабавената опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно Уредба со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

Трошоци за истражување и развој се остварени во висина од 1.062.079 денари. Ова се трошоци направени согласно Меморандумот за партнерство потпишан од страна на берзите од Југоисточна Европа со цел промоција на регионалниот пазар на капитал пред меѓународните институционални инвеститори и трошоци за развој на veb порталот МБ- Монитор (при што истите се покриени од донација од УСАИД).

За Други трошоци и вонредни расходи, направени се трошоци во износ од 557.342 денари. Овие расходи се направени за членарини: во Федерација на Евроазиски берзи (FEAS), членарина за Федерацијата на Европски берзи (FESE), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси, спонзорство и слично.

За Исправка на вредност на побарувања направени се трошоци во износ од 300.000 денари. Направена е 100% исправка на вредноста на побарувања од три котирани акционерски друштва за неплатен надомест за котација за 2008 година за кои е проценето дека ќе има потешкотии во наплатата, согласно усвоените Сметководствени политики на Берзата.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2008 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **41.859.603 денари**.

Пресметан е данок од добивка во износ од 4.779.088 денари, а остварената **нето добивка** за 2008 година изнесува 37.080.515 денари.

Во 2008 година е остварена **нето профитна стапка од 37,6% (нето добивка/вкупни приходи).**

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2008 година изнесува **232.164.152 денари.** Во структурата на активата доминираат најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени до три месеци и државни записи со рок на доспевање од три месеци) со 46% учество што придонесува за висока финансиска стабилност на берзата. Учеството на основните средства (87.467.167 денари) изнесува 38% од вкупната актива, а побарувањата се 25.659.333 денари или 11% учество во вкупната актива. Најголем дел од побарувањата отпаѓа на побарување за повеќе платен данок за добивка за 2008 година или 20.132.750 денари, потоа побарувања за провизија за тргување за декември 2008, надоместоци од членство за декември 2008 година и слично.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2008 година изнесува **232.164.152 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2008 година изнесуваат 6.872.206 денари. Од тоа, обврските кон добавувачи 1.697.537 денари и други обврски во висина од 5.174.669 денари. Акционерскиот капитал на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2008 година изнесува 103.497.760 денари, резерви 28.448.471 денари**,** нераспределена добивка од минати години 56.265.200 денари и **добивка по оданочување од тековна година** во износ од **37.080.515 денари**.

**Стапката на поврат на акционерскиот капитал** (нето добивка/акционерски капитал) во 2008 година изнесува 36%.

**Скопје, Февруари 2009 година**

**Одбор на директори**

**П р е т с е д а т е л**

**Кристијан Поленак**

**П Р И Л О Г**

**ГОДИШНА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**31.12. 2008 година**

### АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2007 | 2008 | Индекс 2008/2007 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1,Парични средства | 2,044,464 | 191,481 | **9** |
| 2.Државни записи | 65,624,844 | 19,846,172 | **30** |
| 3.Депозити | 222,426,152 | 99,000,000 | **45** |
| 4.Основни средства | 89,559,801 | 87,467,167 | **98** |
| 5,Побарувања | 13,115,967 | 25,659,333 | **196** |
| **ВКУПНО АКТИВА** | **392,771,227** | **232,164,152** | **59** |

### ПАСИВА

| Назив | 2007 | 2008 | Индекс 2007/2006 |
|---|---|---|---|
| Обврски | 31,572,596 | 6,872,206 | **22** |
| Запишан капитал | 103,497,760 | 103,497,760 | **100** |
| Резерви | 28,448,471 | 28,448,471 | **100** |
| Нераспределена добивка од предходни години | 0 | 56,265,200 | |
| Добивка од тековна година | 229,252,400 | 37,080,515 | **16** |
| **Пасива** | **392,771,227** | **232,164,152** | **59** |

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### За период Јануари-Декември 2008 година

во денари

| Расходи | 01-12.2007 | 01-12.2008 | Индекс 2008/2007 | Програма 2008 | Оств.на План во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **И. Трошоци за провизии и извршени услуги од домашни лица** | **47,451,843** | **14,359,983** | **30** | **32,230,000** | **45** |
| 1. Провизии од банки | 232,957 | 220,165 | **95** | 200,000 | **110** |
| 2.Берзанска провизија за Комисија за хартии од вредност | 47,218,886 | 14,139,818 | **30** | 32,030,000 | **44** |
| **ИИ. Општи и административни трошоци и амортизација** | **38,086,429** | **41,768,793** | **110** | **51,131,000** | **82** |
| 1. Вкалкулирани бруто плати | 12,117,762 | 15,422,443 | **127** | 15,791,000 | **98** |
| 2.Варијабилен дел за плати | | | | 879,000 | |
| 3.Годишна награда на вработени | | | | 1,233,000 | |
| 4. Трошоци по основ на колективен договор | 1,828,005 | 1,145,683 | **63** | 1,287,000 | **89** |
| 5. Награда по менаџерски договори | 2,333,334 | 2,000,000 | | 2,000,000 | |
| 6. Материјални и слични трошоци | 1,603,531 | 1,897,756 | **118** | 2,000,000 | **95** |
| 7. Трошоци за услуги | 9,541,412 | 7,659,088 | **80** | 9,000,000 | **85** |
| 8. Одбор на директори | 1,418,184 | 1,261,334 | **89** | 1,261,000 | **100** |
| 9. Год.награда на Одбор на директори | 2,333,334 | 2,000,000 | **86** | 2,000,000 | **100** |
| 10. Трошоци за службени патувања | 1,214,064 | 883,067 | **73** | 1,200,000 | **74** |
| 11. Трошоци за обука на вработени | 355,578 | 50,000 | **14** | 500,000 | **10** |
| 12. Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 2,604,032 | 2,381,026 | **91** | 3,500,000 | **68** |
| 13. Осигурување | 437,688 | 481,716 | **110** | 480,000 | **100** |
| 14. Амортизација | 2,016,747 | 5,524,602 | **274** | 6,000,000 | **92** |
| 15.Трошоци за истражување и развој | 282,758 | 1,062,079 | **376** | 4,000,000 | **27** |
| **ИИИ. Други трошоци и вонредни расходи** | **483,818** | **557,342** | **115** | **600,000** | **93** |
| **ИВ.Исправка на вредност на побарувања** | **1,063,539** | **300,000** | **28** | **500,000** | **60** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **87,085,629** | **56,986,117** | **65** | **84,461,000** | **67** |
| | | | | | |
| **Приходи** | | | | | |
| 1. Камати по основ на депонирани средства во банки | 9,465,924 | 8,101,587 | **86** | 6,000,000 | **135** |
| 2. Надомест за прием во членство | 3,010,400 | 5,582,814 | **185** | 1,320,000 | **423** |
| 3. Надомест од тргување | 323,978,273 | 71,478,320 | **22** | 178,500,000 | **40** |
| 4. Камата од државни записи | 1,703,434 | 1,993,071 | **117** | 2,000,000 | **100** |
| 5.Приходи од котација | 3,900,000 | 3,800,000 | **97** | 3,800,000 | **100** |
| 6.Други приходи | 7,699,064 | 7,889,929 | **102** | 8,000,000 | **99** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **349,757,095** | **98,845,720** | **28** | **199,620,000** | **50** |
| | | | | | |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **262,671,466** | **41,859,603** | **16** | **115,159,000** | **36** |
| **Пресметан данок на добивка** | **32,388,670** | **4,779,088** | | | |
| **Нето добивка** | **229,252,400** | **37,080,515** | | | |